# Европа во 12 лекции

од Паскал Фонтејн

Европска Унија

Содржина

[ 1 ]
страна 4:
Зошто Европска Унија?

[ 2 ]
страна 10
Десетте историски чекори

[ 3 ]
страна 14
Проширувањето на ЕУ и градење добри односи со соседите

[ 4 ]
страна 20
Како функционира ЕУ?

[ 5 ]
страна 28
Што работи ЕУ?

[ 6 ]
страна 38
Единствен пазар

[ 7 ]
страна 44
Еврото

[ 8 ]
страна 48
Развивање врз основа на знаење и иновации

[ 9 ]
страна 52
Што значи да се биде европски граѓанин?

[ 10 ]
страна 58
Европа изградена врз принципите на слобода, безбедност и правда

[ 11 ]
страна 64
ЕУ на светската сцена

[ 12 ]
страна 70
Каква иднина ѝ претстои на Европа?

страна 74
Клучни датуми во историјата на европската интеграција

# Зошто Европска Унија?

[ 1 ]

**Мисијата на ЕУ во 21. век е:**

- **да го одржи и зацврсти мирот меѓу нејзините земји-членки;**
- **да им овозможи на европските земји да соработуваат меѓу себе;**
- **да овозможи безбеден живот за европските граѓани;**
- **да ја поттикнува економската и социјалната солидарност;**
- **да ги зачува европскиот идентитет и европската разноликост во денешниот глобализиран свет;**
- **да ги шири вредностите според кои живеат европските граѓани.**



## I. МИР

Пред да прерасне во реална политичка цел, идејата за обединување на Европа беше само сон на филозофите и визионерите. На пример, Виктор Иго, инспириран од хуманистички идеали, сонуваше за „Соединетите европски држави" кои ќе живеат во мир. Сонот го уништија двете ужасни војни кои беснееја на европскиот континент во текот на првата половина на дваесеттиот век.

Но, од урнатините на Втората светска војна се роди нова надеж. Луѓето кои во текот на војната му се спротиставија на тоталитаризмот беа одлучни да стават крај на меѓународната омраза и ривалството во Европа и да создадат услови за траен мир. Во периодот од 1945 до 1950 година, неколку храбри државници, меѓу кои и Роберт Шуман, Конрад Аденауер, Алчиде де Гаспери и Винстон Черчил, почнаа да ги убедуваат своите народи да зачекорат во новата ера. Тие зборуваа за создавање нови структури во Западна Европа кои би се темелеле врз заедничките интереси и би биле засновани врз договори со кои би се гарантирало владеење на правото и еднаквост меѓу сите земји.

На 9-ти мај 1950 година, Роберт Шуман (француски министер за надворешни работи), прифаќајќи ја идејата на Жан Моне, предложи создавање на Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ). Земјите коишто претходно се бореа меѓу себе требаше да го здружат производството на јаглен и челик под капата на еден заеднички „Висок орган". На еден практичен и многу симболичен начин, инструментите на војната се претворија во инструменти за постигнување мир.

## II. ОБЕДИНУВАЊЕ НА ЕВРОПА

Европската Унија го охрабруваше обединувањето на Германија, по падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година. Кога во 1991 година се распадна Советската империја, земјите од Централна и Источна Европа, кои неколку децении го трпеа животот позади „железната завеса", беа повторно слободни да одлучуваат за својата судбина. Многу од нив одлучија дека нивната иднина лежи во семејството на демократските европски нации.

Процесот на проширување на ЕУ сѐ уште трае. Преговорите за влез во ЕУ со Турција и Хрватска започнаа во 2005 година. Исланд аплицираше за членство во Европската Унија во 2009 година, а неколку земји од Балканот се веќе тргнати по патот кој еден ден може да ги одведе до членство во ЕУ. Се очекува




Падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година доведе до постепено надминување на старите поделби на европскиот континент.

Хрватска да стане 28 земја-членка на Европската Унија.

## III. БЕЗБЕДНОСТ

И во дваесет и првиот век Европа сé уште се соочува со отворени прашања поврзани со нејзината безбедност. Европската Унија мора да ја осигури безбедноста на нејзините земји-членки. Таа мора да биде конструктивна во соработката со регионите со кои се граничи: Балканот, Северна Африка, Кавказ и Средниот Исток. Европската Унија, исто така, мора да ги заштити своите воени и стратешки интереси по пат на соработка со нејзините сојузници, особено со сојузниците од НАТО, и по пат на развивање заедничка европска политика за безбедност и одбрана.

Внатрешната и надворешната безбедност се двете страни на еден ист медал. Полициските сили на сите земји-членки на Европската Унија мора да соработуваат во борбата против тероризмот и организираниот криминал. Еден од новите предизвици кој бара тесна соработка меѓу владите е предизвикот Европската Унија да прерасне во Унија во која владеат слободата, безбедноста и правдата и во која секој човек има еднаков пристап до правдата и еднаква правна заштита. Телата како Европол, Европската полициска служба и Европравда (која ја поддржува соработката меѓу обвинителите, судиите и полицајците во одделните земји на ЕУ) мораат да имаат активна и ефикасна улога.

## IV. ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СОЛИДАРНОСТ

Европската Унија беше создадена за да се исполнат одредени политички цели и тоа по пат на економска соработка.

Европските земји се само мал дел од вкупното светско население. Затоа тие мора да продолжат да се здружуваат со цел да обезбедат економски развој и со цел да им бидат конкурентни на другите големи економии на светската сцена. Ниту една од земјите на Европската Унија не е доволно силна да успее сама во рамките на светската трговија. За да постигнат економии од обем и за да пронајдат нови потрошувачи, на европските компании им е потребен поширок пазар од националниот домашен пазар, а европскиот единствен пазар тоа им го овозможува. Со цел да им овозможи на што е можно повеќе луѓе да ги искористат придобивките на европскиот пазар, којштo го сочинуваат 500 милиони потрошувачи, Европската Унија се труди да ги отстрани сите препреки во трговијата и да ги ослободи компаниите од непотребните бирократски процедури.

Меѓутоа, слободната конкуренција низ цела Европа не може да постои без европската солидарност. Европската солидарност овозможува конкретни придобивки за европските граѓани: во случај на поплави и други природни катастрофи, европските граѓани добиваат помош од буџетот на Европската Унија. „Структурните фондови", со кои раководи Европската комисија, ги поттикнуваат и поддржуваат напорите на националните и регионалните власти на ЕУ за намалување на разликите во развојот на одделните делови на Европа. Буџетот на ЕУ и средствата од Европската инвестициска банка (ЕИБ) се користат за подобрување на европската транспортна структура (на пример, за проширување на мрежата на автопати и брзи железници), со што се обезбедува полесен пристап до оддалечените региони и се поттикнува трговијата низ цела Европа.

Глобалната финансиска криза од 2008 година го предизвика најголемиот економски пад во историјата на Европската Унија. Владите и институциите на ЕУ мораа брзо да дејствуваат со цел да ги спасат банките, а Европската Унија им даде финансиска помош на земјите кои беа најмногу погодени од кризата. Единствената валута им помогна да ја заштитат евро-зоната од шпекулациите и девалвацијата. Во 2010 година, Европската Унија и нејзините земји-членки ги здружија своите напори со цел да го намалат нивниот јавен долг. Голем предизвик за европските земји во годините што доаѓаат ќе биде заеднички да им се спротистават на глобалните кризи и заеднички да пронајдат излез од рецесијата и пат кон одржлив развој.

## V. ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ И РАЗНОЛИКОСТ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

Европските пост-индустриски општества стануваат сé посложени. Животниот стандард постојано расте, но сé уште постои голем јаз меѓу богатите и сиромашните. Јазот може да продолжи да се продлабочува поради разни фактори, како на пример економската рецесија, дислокацијата на индустриите, стареењето на населението и проблемите со јавните финансии. Оттаму, соработката меѓу земјите на ЕУ при решавањето на овие проблеми е мошне значајна.




Обединети во различноста: заедничката работа дава подобри резултати.

Но, таа соработка не подразбира бришење на различните културни и јазични идентитети на одделните земји. Напротив, многу активности на ЕУ се насочени кон поддршка на регионалните специфичности и богатата разноликост на европските традиции и култури.

Сите земји на ЕУ ќе имаат корист од постоењето на ЕУ. Шеесетте години од европската интеграција покажаа дека ЕУ како целина е поголема од збирот на нејзините одделни делови. Таа има многу поголемо економско, социјално, технолошко, трговско и политичко влијание отколку кој било нејзина земја-членка кога би делувала самостојно. Заедничкото делување и говорењето со еден глас носи повеќе придобивки за сите.

Во денешниот свет, растечките економии како кинеската, индиската и бразилската се обидуваат да им се придружат на Соединетите Американски Држави во групата глобални суперсили. Токму затоа, ова е вистинскиот момент земјите-членки на Европската Унија да се здружат и да формираат „критична маса", задржувајќи го на тој начин своето влијание на светската сцена.



Како ЕУ го користи своето влијание?

- Европската Унија е водечка светска трговска сила и поради тоа таа игра клучна улога во меѓународните преговори, какви што се преговорите во рамките на Светската трговска организација (СТО) составена од 153 земји-членки, или конференциите на Обединетите нации посветени на климатските промени.
- Европската Унија застапува јасен став во врска со чувствителните прашања коишто го засегаат обичниот човек, како на пример заштитата на животната средина, обновливите извори на енергија, „принципот на претпазливост" во однос на безбедноста на храната, етичките аспекти на биотехнологијата, потребата да се заштитат загрозените видови на планетата, итн.
- Европската Унија се наоѓа на чело на глобалните напори за справување со глобалното затоплување. Во декември 2008 година, таа еднострано се обврза дека, до 2020 година, ќе го намали испуштањето на гасови со кои се прдизвикува ефектот на стаклена градина за 20%.

Затоа, старата поговорка „заедно сме посилни" денес е повистинита од кога било досега за граѓаните на ЕУ.

## VI. ВРЕДНОСТИ

Европската Унија сака да ги промовира човечките вредности и напредокот како и да осигури дека човечкиот род има корист од големите глобални промени, а не е нивна жртва. Ниту пазарните сили, ниту самостојното делување на одделните земји, не можат да бидат едноставен одговор за потребите на луѓето.

Затоа, Европската Унија застапува хуман однос и модел на општество што го поддржуваат поголемото мнозинство од нејзините граѓани. Европејците го почитуваат своето богато наследство на вредности, во кое спаѓаат верувањето во човековите права, социјалната солидарност, слободното претприемништво, праведната распределба на плодовите од економскиот развој, правото на зачувана животна средина, почитта кон културната, јазичната и верската различност и хармоничниот спој на традицијата и напредокот.

Повелбата на Европската Унија за основните права беше прогласена во Ница во 2000 година. Благодарение на Договорот од Лисабон, кој стапи на сила на 1-ви декември 2009 година, Повелбата е обврзувачка за сите земји-членки на ЕУ. Повелбата ги содржи сите права што денес се признаени од страна на земјите-членки на ЕУ и нејзините граѓани. Тоа што Европејците споделуваат исти права и вредности раѓа кај нив чувство на сродност. Еден показател за тоа е фактот дека сите земји на ЕУ ја укинаа смртната казна.

# Десетте историски чекори

[ 2 ]

- 1951: Шесте членки основачи ја формираат Европската заедница за јаглен и челик
- 1957: Истите шест земји го потпишуваат Римскиот договор, со кој се формираат Европската економска заедница (ЕЕЗ) и Европската заедница за атомска енергија (Евратом)
- 1973: Заедницата брои девет земји-членки и воведува нови заеднички политики
- 1979: Се одржуваат првите директни избори за Европскиот парламент
- 1981: Грција е првата медитеранска земја која станува земја-членка
- 1992: Европскиот единствен пазар станува реалност
- 1993: Договорот од Мастрихт ја основа Европската Унија (ЕУ)
- 2002: Се воведува еврото
- 2007: Европската Унија има 27 земји-членки
- 2009: Лисабонскиот договор стапува на сила и го менува функционирањето на Европската Унија



**1.**

На 9-ти мај 1950 година, Шумановата декларација предложи формирање на Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ) која стана реалност со Договорот од Париз потпишан на 18-ти април 1951 година. На тој начин се создаде заеднички пазар на јаглен и челик меѓу шесте земји основачи (Белгија, Федералната Република Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија). Во време кога сѐ уште се чувствуваа последиците од Втората светска војна, целта на формирањето на ЕЗЈЧ беше да се обезбеди мир меѓу победените и поразените нации и истите да се сплотат во институционална структура преку која ќе соработуваат како еднакви партнери.

**2.**

На 25-ти март 1957 година, со потпишувањето на Римскиот договор, шесте земји одлучија да создадат Европска заедница за атомска енергија (Евратом) и Европска економска заедница (ЕЕЗ). ЕЕЗ е создадена со цел да се изгради заеднички пазар со голем асортиман на стоки и услуги. На 1-ви јули 1968 година, царините меѓу шесте земји беа целосно укинати, а во текот на 60-тите години започна и градењето на заедничките политики во областа на трговијата и земјоделството.

**3.**

Овој потфат беше толку успешен што и Данска, Ирска и Обединетото Кралство одлучија да се приклучат на Заедницата. Првото проширување, од шест на девет земји-членки, се случи во 1973 година. Истовремено, се воведоа нова социјална политика и нова политика за заштита на животната средина, а во 1975 година беше основан Европскиот фонд за регионален развој.




На 9-ти мај 1950 година, францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман за првпат јавно говореше за идеите врз кои се темели Европската Унија. Оттаму, 9-ти мај се слави како роденден на ЕУ.

**4.**
Јуни 1979 година беше сведок на еден одлучувачки чекор напред: се одржаа првите избори за Европскиот парламент по пат на директно универзално право на глас. Оттогаш, овие избори се одржуваат на секои пет години.

**5.**
Во 1981 година, Грција се приклучи кон Заедницата, а по неа и Шпанија и Португалија во 1986 година. Овие проширувања на Заедницата кон Јужна Европа ја зголемија потребата за спроведување регионални програми чија цел е да им се обезбеди помош на помалку развиените региони.

**6.**
Светската економска криза од раните 80ти години предизвика бран на „евроскептицизам". Но, надежта повторно се роди во 1985 година, кога Европската комисија, под претседателство на Жак Делор, ја објави Белата книга во која беше изготвен план за создавањето на европскиот единствен пазар до 1-ви јануари 1993 година. Оваа амбициозна цел беше втемелена во Единствениот европски акт, кој беше потпишан во февруари 1986 година, а стапи на сила на 1-ви јули 1987 година.

**7.**
Политичката форма на Европа драматично се промени по падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година. Овој настан доведе до повторно обединување на Германија во октомври 1990 година и демократизација на земјите од Централна и Источна Европа, по нивното ослободување од контролата на Советскиот Сојуз. Советскиот Сојуз престана да постои во декември 1991 година.

Истовремено, земјите-членки на ЕЕЗ преговараа за најновиот Договор, кој Европскиот совет (составен од претседатели и/или премиери) го усвои во Мастрихт во декември 1991 година. Со вклучувањето на меѓувладината соработка (во области какви што се надворешната политика и внатрешната безбедност) во постоечкиот систем на Заедницата, Договорот од Мастрихт ја создаде Европската Унија (ЕУ). Тој стапи на сила на 1-ви ноември 1993 година.

**8.**
Уште три земји – Австрија, Финска и Шведска – ѝ се приклучија на Европската Унија во 1995 година, со што бројот на земји-членки се зголеми на 15. Тогаш, Европа почна да ги чувствува растечките предизвици на глобализацијата. Новите технологии и сé поголемата употреба на интернетот ја модернизираа економијата, но истовремено создаваа социјални и културни тензии. Националните економии го чувствуваа притисокот на невработеноста и сé поголемите трошоци поврзани со исплаќањето на пензиите, со што потребата од реформи беше сé поизразена. Гласачите сé повеќе бараа од своите влади да изнајдат практични решенија за нивните проблеми.



Затоа, во март 2000 година, лидерите на ЕУ ја усвоија „Лисабонската стратегија". Таа беше изготвена со цел да ѝ овозможи на Европската Унија да биде конкурентна со другите поголеми учесници на светскиот пазар како што се Соединетите Американски Држави и новите индустриски земји. Целта на Стратегијата беше да се охрабрат технолошките иновации и деловните инвестиции и да се осигури дека европските образовни системи се подготвени да му одговорат на информатичкото општество.

Во меѓувреме, ЕУ работеше на својот најспектакуларен проект – создавањето на единствена валута со цел да им го олесни животот на претприемачите, потрошувачите и туристите. На 1-ви јануари 2002 година, еврото ги замени старите валути во 12 земји-членки на ЕУ, кои заедно ја оформија „евро-зоната". Денес, еврото е една од најголемите светски валути заедно со американскиот долар.

**9.**
Во средината на 90-тите години, започнаа подготовките за најголемото проширување на Европската Унија. Шест поранешни земји-членки на советскиот блок (Бугарија, Република Чешка, Унгарија, Полска, Романија и Словачка), трите балтички земји кои беа дел од Советскиот Сојуз (Естонија, Летонија и Литванија), една од републиките на поранешна Југославија (Словенија) и две медитерански земји (Кипар и Малта) поднесоа апликации за членство во Европската Унија.

ЕУ со задоволство ја прифати можноста да помогне во стабилизирањето на европскиот континент и да им овозможи на овие млади демократии да ги почувствуваат придобивките од европската интеграција. Преговорите започнаа во декември 1997 година, а 10 од земјите-кандидатки ѝ се приклучија на Унијата на 1-ви мај 2004 година. Потоа, следеа Бугарија и Романија кои се приклучија на 1-ви јануари 2007 година, со што бројот на земји-членки порасна на 27.

**10.**
За да може да се соочи со сложените предизвици на 21. век, на проширената Европска Унија и беше неопходен поедноставен и поефикасен метод по кој нејзините земји-членки ќе ги донесуваат своите заеднички одлуки. Беа предложени нови правила во рамките на нов нацрт Устав на ЕУ, кој беше потпишан во октомври 2004 година, а кој требаше да ги замени сите постоечки договори. Но, тој нацрт текст беше одбиен на два национални референдуми во 2005 година. Затоа, Уставот беше заменет со Договорот од Лисабон, кој беше потпишан на 13-ти декември 2007 година, а стапи на сила на 1-ви декември 2009 година. Лисабонскиот договор ги надополнува, но не ги заменува претходните договори. Тој ги вклучува повеќето измени коишто беа содржани во Уставот. На пример, Договорот предвидува назначување на постојан Претседател на Европскиот Совет и ја вклучува новата функција Висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика на Европската Унија.

# Проширувањето и градењето добри односи со соседите

# [ 3 ]

- Вратите на Европската Унија се отворени за секоја европска земја којашто ги исполнува демократските, политичките и економските критериуми за членство.
- Неколкуте проширувања (последното беше во 2007 година), го зголемија членството на ЕУ од шест на 27 земји-членки. До 2010 година, девет земји или ги започнале преговорите за членство (на пример: Хрватска и Турција) или се наоѓаат во различни фази на подготовка за членство. Хрватска се очекува да биде 28та земја-членка на Европската Унија.
- Договорите за пристапување на нова земја-членка мораат да бидат едногласно одобрени од страна на сите земји-членки. Пред секое ново проширување, Европската Унија мора да го оцени својот капацитет за примање нова(и) членка(и), како и за способноста на нејзините институции да продолжат успешно да функционираат.
- Проширувањето на Европската Унија ги зајакна и ги стабилизира демократијата и безбедноста во Европа и ги зголеми потенцијалите на континентот за трговија и економски раст.



## I. ОБЕДИНУВАЊЕТО НА КОНТИНЕНТОТ

**(а) Унија од 27**

На самитот во Копенхаген во декември 2002 година, Европскиот Совет го направи еден од најважните чекори во историјата на европската интеграција. Со прифаќањето на нови 12 земји во своето семејство, Европската Унија не само што ја зголеми својата површина и население, туку и ѝ стави крај на поделеноста на нашиот континент, која беше создадена во 1945 година. Европските земји кои со децении беа лишени од демократска слобода конечно имаа можност повторно да му се приклучат на семејството на демократски европски нации. Така, Република Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Полска, Словачка и Словенија станаа земји-членки на ЕУ во 2004 година, заедно со медитеранските острови Кипар и Малта. Бугарија и Романија се приклучија во 2007 година. Сите тие сега се партнери во проектот кој се роди во умовите на татковците на Европската Унија.

**(б) Преговори**

Турција, земја-членка на НАТО, која одамна има потпишано Договор за асоцијација со ЕУ, аплицираше за членство во 1987 година. Географската положба и политичката историја на Турција беа причините поради кои Европската Унија долго време се двоумеше дали да ја прифати нејзината апликација за членство. Сепак, во октомври 2005 година, преговорите за членство во ЕУ конечно започнаа – не само со Турција, туку и со Хрватска. Во 2010 година, преговорите со Хрватска се ближеа кон нивниот крај. Некои земји-членки на ЕУ, сé уште, се двоумат дали Турција треба да стане членка на Европската Унија. Тие предлагаат алтернативно решение - „привилегирано партнерство" – но, Турција ја отфрла таквата идеја.

**(с) Западниот Балкан и Исланд**

Земјите од Западниот Балкан, повеќето од нив дел од поранешна Југославија, се свртија кон Европската Унија со цел да ја забрзаат својата економска реконструкција, да ги подобрат меѓусебните односи (нарушени од етнички и религиозни војни) и да ги консолидираат своите демократски институции. Во 2005 година, Европската Унија ѝ додели статус на земја-кандидатка на поранешната Југословенска Република Македонија. Албанија, Босна и Херцеговина и Србија се потетнцијални земји-кандидатки. Секоја од нив потпиша договор за стабилизација и асоцијација со Европската Унија, којшто претставува основа за можните разговори за членство. Исланд, земја која беше тешко погодена од финансиската криза од 2008 година, аплицираше за членство во ЕУ во 2009 година. Во 2010 година Исланд и Црна Гора се здобија со статус на земји кандидатки. Косово прогласи независност на 18-ти февруари 2008 година и има можност да стане официјална земја-кандидатка.

Оттаму, до крајот на оваа декада, бројот на земји-членки на Европската Унија може да порасне од 27 на 35. Ваквото проширување би било уште едно големо проширување на ЕУ, кое најверојатно ќе наметне потреба од нови промени во начинот на кој функционира Европската Унија.

## II. УСЛОВИ ЗА ЧЛЕНСТВО

**(а) Правни барања**

Европската интеграција отсекогаш била политички и економски процес отворен за сите европски земји кои се подготвени да се придружат кон основачките договори на ЕУ и да го усвојат целиот пакет на закони на ЕУ. Согласно Лисабонскиот договор (член 49), секоја европска држава може да аплицира за членство во Европската Унија под услов таа да ги почитува принципите на слобода, демократија, човековите права и основни слободи, и владеењето на правото.

**(б) Копенхашките критериуми**

Во 1993 година, откако поранешните комунистички земји побараа да ѝ се приклучат на Унијата, Европскиот Совет усвои три критериуми за членство во ЕУ. Пред да се зачленат, новите земји-членки мораат да имаат:

- стабилни институции кои ќе ги гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата;
- функционална пазарна економија и капацитет за справување со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата;
- способност за преземање на обврските коишто ги носи членството во ЕУ, вклучувајќи и поддршка за целите на Унијата. Тие мораат да имаат јавна администрација која ќе биде способна да ги спроведува законите на ЕУ.






„Јадранскиот бисер" – Дубровник во Хрватска, земја-кандидатка за членство во ЕУ.

**(в) Процесот на станување земја-членка на ЕУ**

Преговорите за членство (пристапување кон ЕУ) се водат меѓу секоја земја-кандидатка и Европската комисија, која делува во името на Европската Унија. По завршувањето на преговорите, одлуката за приклучување на нова земја кон Европската Унија мора да се донесе едногласно од страна на сите постоечки земји-членки, на еден од самитите на Советот. Европскиот парламент, исто така, мора да ја даде својата согласност преку позитивно гласање на апсолутното мнозинство од европските пратеници. Потоа, сите договори за пристапување кон ЕУ мора да бидат ратификувани од страна на земјите-членки и земјата-кандидатка, согласно нивните уставни процедури.

Во текот на преговорите, земјите-кандидатки добиваат помош од ЕУ во рамките на „партнерството во процесот на пристапување" со цел тие полесно да го достигнат нивото на економски развој на ЕУ. Земјите-кандидатки, исто така, имаат „договори за стабилизација и асоцијација" со Европската Унија. Преку овие договори, ЕУ директно ги мониторира економските и административните реформи што земјите-кандидатки треба да ги спроведат за да ги исполнат условите за членство во Европската Унија.

## III. КОЛКУ ГОЛЕМА МОЖЕ ДА БИДЕ ЕВРОПСКАТА УНИЈА??

**(а) Географски граници**

Дебатите околу предложениот Договор за Уставот на ЕУ, коишто се одвиваа во повеќето земји-членки на ЕУ, укажаа на фактот дека многу Европејци се загрижени за тоа каде треба да бидат исцртани границите на Европската Унија. Европејците се загрижени дури и за тоа што се подразбира под „европски идентитет“. Не постојат едноставни одговори на овие прашања, особено поради тоа што секоја од земјите гледа поинаку на своите геополитички или економски интереси. Балтичките земји и Полска се залагаат за членство на Украина во Европската Унија, но што ќе се случи со соседите на Украина? Политичката ситуација во Белорусија и стратешката позиција на Молдавија, исто така, создаваат потешкотии. Доколку Турција влезе во Европската Унија, што ќе се случи со Ерменија, Грузија и другите земји од Кавказот?




ЕУ дава финансиска помош за да го помогне градењето на економиите во соседните земји.

И покрај тоа што ги исполнуваат условите за членство, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија не се членки на Европската Унија бидејќи јавното мислење во овие земји, во моментов, е против нивното приклучување кон Унијата.

Јавното мислење во одделните земји-членки на ЕУ е повеќе или помалку поделено во однос на прашањето за конечните граници на Европската Унија. Доколку се применуваат исклучиво географските критериуми – без да се земат предвид демократските вредности - Европската Унија – слично како Советот на Европа (кој не е тело на ЕУ) – би можела да има 47 земји-членки, вклучувајќи ја и Русија. Меѓутоа, повеќе од јасно е дека членството на Русија би создало неприфатлива нерамнотежа во Европската Унија, како од политички така и од географски карактер.

Разумно е да се каже дека секоја европска земја има право да побара членство во ЕУ под услов да е во состојба да го превземе целото законодавство на ЕУ и да е подготвена да го прифати еврото. Европската интеграција е процес што трае уште од 1950 г. и секој обид да се утврдат границите на ЕУ еднаш засекогаш би бил во спротивност со овој процес.

**(б) Политика за добрососедски односи**

Проширувањата од 2004 и 2007 година ги поттурнаа границите на Европската Унија кон исток и југ, покренувајќи го прашањето за тоа како ЕУ треба да ги гради односите со нејзините нови соседи. Стабилноста и безбедноста во регионите со кои ЕУ се граничи се сé уште отворени прашања, но Европската Унија сакаше да ја одбегне појавата на нови линии на поделба меѓу неа и новите соседи. На пример, таа мораше да преземе низа активности за да се справи со новите закани по нејзината безбедност, какви што се нелегалната имиграција, препреките во снабдувањето со енергија, деградацијата на животната средина, организираниот прекуграничен криминал и тероризам. Затоа, Европската Унија изгради нова Европска политика за добрососедски односи, која ги опфаќа односите со нејзините источни соседи (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина) и со нејзините јужни соседи (Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либан, Либија, Мароко, Окупиранта палестинска територија, Сирија и Тунис).

Речиси сите овие земји имаат договори за „партнерство и соработка” или договори за асоцијација со Европската Унија, со кои тие се обврзуваат да ги прифат заедничките вредности (како што се демократијата, човековите права и владеењето на правото) и да напредуваат во процесот на воспоставување пазарна економија, одржлив развој и во намалувањето на сиромаштијата. Европската Унија, од своја страна, се обврзува на овие земји да им даде финансиска, техничка и макроекономска помош, полесен пристап до визи и разни други мерки со цел да им помогне на овие земји во нивниот развој.

Од 1995 година, јужните медитерански земји се поврзани со Европската Унија по пат на политички, економски и дипломатски врски познати под името „Процесот од Барселона“, кој подоцна беше преименуван во Евро-медитеранско партнерство. На самитот во Париз во јули 2008 година, ова партнерство прерасна во Унија за Медитеранот, која ги обедини 27-те земји-членки на Европската Унија и 16-те земји партнери од Јужниот Медитеран и Средниот Исток.

Финансиската помош на Европската Унија за двете групи на земји се спроведува преку Европскиот инструмент за соседство и партнерство. Неговиот вкупен буџет за периодот од 2007 до 2013 година изнесува околу 12 милијарди евра.

# Како функционира ЕУ?

[ 4 ]

- Шефовите на држави и/или влади на ЕУ, кои го формираат Европскиот совет, одржуваат редовни средби на кои ги дефинираат општите политички насоки и донесуваат одлуки за клучните прашања.
- Советот, кој е составен од одделни министри на земјите-членки, често има средби на кои се донесуваат одлуки за политиките и за законите на ЕУ.
- Европскиот парламент, кој ги претставува луѓето, ги споделува законодавните и буџетските надлежности со Советот на Европската Унија.
- Европската комисија, која ги претставува заедничките интереси на ЕУ, е главното извршно тело. Таа предлага закони и се грижи за тоа дали политиките на ЕУ се спроведуваат на соодветен начин.



## I. ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ ДОНЕСУВААТ ОДЛУКИ

Европската Унија е повеќе од конфедерација на земји, но не е федерална држава. Всушност, таа е нов вид структура која не спаѓа во ниту една традиционална правна категорија. Од историска гледна точка, таа е единствена, а нејзиниот систем за донесување одлуки постојано се развива во изминатите шеесетина години.

Спогодбите (познати како „примарно законодавство") се основата на големиот пакет на „секундарно" законодавство кое има директно влијание врз секојдневниот живот на граѓаните на Европската Унија. Секундарното законодавство се состои од регулативи, директиви и препораки коишто се усвоени од страна на институциите на ЕУ.

Овие закони, заедно со политиките на Европската Унија, се резултат на одлуките што ги донесува Советот (кој ги претставува националните влади), Европскиот парламент (кој ги претставува луѓето) и Европската комисија (тело кое е независно од владите на земјите-членки на ЕУ и се грижи за заедничките европски интереси). Улогата на другите институции и тела се прикажани подолу во текстот.

**(а) Европскиот совет**

Европскиот совет е водечката политичка институција на Европската Унија. Тој е составен од шефовите на држави или влади – претседателите и/или премиерите – на сите земји-членки на Европската Унија, вклучувајќи го и претседателот на Европската комисија (види подолу). Советот одржува средби во Брисел четири пати годишно. Со него раководи постојан претседател, чија должност е да ја координира работата на Европскиот совет и да го обезбеди неговиот континуитет. Постојаниот претседател се избира (по пат на квалификувано мнозинство на неговите членови) за период од две и пол години и може да биде повторно избран само еднаш. Поранешниот премиер на Луксембург, Херман Ван Ромпуј, е претседател на Европскиот совет од 1-ви декември 2009 година.

Европскиот совет ги утврдува целите на Европската Унија и дава насоки за нивното исполнување. Тој ги покренува најважните иницијативи за политиките на Европската Унија и донесува одлуки за проблематичните прашања за кои не е постигната согласност во рамките на Советот на министри. Европскиот совет, исто така, се справува со тековните меѓународни проблеми преку „заедничката надворешна и безбедносна политика" – која претставува механизам за координирање на надворешните политики на одделните земји-членки на Европската Унија.

**(б) Советот**

Советот (познат и како Совет на министри) е составен од министри кои се дел од националните влади на земјите-членки на Европската Унија. На секои шест месеци, земјите-членки на ЕУ наизменично го преземаат претседавањето со Советот. На секој самит на Советот присуствува по еден министер од секоја земја-членка. Присуството на министрите од одделните ресори зависи од дневниот ред на самитот: надворешни работи, земјоделство, индустрија, транспорт, заштита на животната средина, итн.

Главната задача на Советот е да ги усвојува законите на ЕУ. Оваа задача Советот ја споделува со Европскиот парламент. Советот и Парламентот ја делат и одговорноста за усвојување на буџетот на ЕУ. Советот, исто така, склучува меѓународни договори за кои претходно преговарала Комисијата.

Согласно Лисабонскиот договор, Советот ги носи одлуките или по пат на просто мнозинство, „квалификувано мнозинство" или едногласно, зависно од темата за која се одлучува.

Советот мора да донесе едногласна одлука за важните прашања како оданочувањето, измените во договорите на ЕУ, воведувањето на нова политика заедничка за сите земји-членки на ЕУ или при давањето согласност за приклучување на нова земја кон Европската Унија.

Квалификуваното мнозинство се користи во преостанатите случаи. Квалификувано мнозинство значи дека одлуките на Советот се донесуваат со одреден минимален број на гласови. Бројот на гласови што секоја земја-членка на ЕУ ги има во Советот е приближно одраз на големината на нејзиното население.

До 1-ви ноември 2014 година, под претпоставка дека Европската Унија сé уште ќе брои 27 земји-членки, една одлука ќе биде донесена доколку:

- најмалку 255 од 347 гласа (т.е. 73,91%) се во нејзина корист;
- таа е одобрена од мнозинството земји-членки, т.е. од најмалку 14 земји;
- земјите-членки кои гласаат во нејзина корист заедно претставуваат најмалку 62% од вкупното население на Европската Унија




Подемократска Европа: благодарение на Лисабонскиот договор, европските граѓани сега можат да предлагаат нови закони.



Од 1-ви ноември 2014 година, согласно Лисабонскиот договор, овој систем на гласање ќе биде упростен. Одлуките ќе се донесуваат доколку 55% од земјите-членки (т.е. најмалку 15 од нив) гласаат во корист на одлуката и доколку тие заедно претставуваат најмалку 65% од вкупното население на Европската Унија.

**(в) Европскиот парламент (ЕП)**

Европскиот парламент е тело за кое гласаат граѓаните на Европската Унија и кое ги претставува интересите на граѓаните на Европската Унија. Тој ги надгледува активностите на ЕУ и, заедно со Советот, ги усвојува закноните на ЕУ. Од 1979 година, пратениците во Европскиот парламент се бираат директно, со универзално право на глас, на секои пет години.

По последните избори за ЕП, кои се одржаа во јуни 2009 година, поранешниот премиер на Полска, Јержи Бузек, (од Европската народна партија) беше избран за Претседател на Парламентот, за период од две и пол години.




Европскиот парламент — тука се слуша вашиот глас.

Европскиот парламент ги одржува поголемите дебати на месечни средби (познати како „пленарни седници"), на кои, во принцип, присуствуваат сите европски пратеници. Пленарните седници обично се одржуваат во Стразбур, а сите други седници во Брисел. Подготовките се прават во Брисел: „Конференцијата на претседатели" — т.е. претседавачите на политичките групи заедно со Претседателот на Парламентот — го дефинираат дневниот ред на пленарните седници, а во меѓувреме 20-те парламентарни комисии ги изготвуваат законските амандмани за кои треба да се дебатира. Генералниот секретаријат на Парламентот е задолжен за тековната административна работа на Парламентот, а неговите канцеларии се наоѓаат во Луксембург и Брисел. Сите политички групи, исто така, имаат свој секретаријат.

**Број на пратеници во ЕП од секоја земја-членка по изборите во 2009 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Австрија | 17 | Летонија | 8 |
| Белгија | 22 | Литванија | 12 |
| Бугарија | 17 | Луксембург | 6 |
| Кипар | 6 | Малта | 5 |
| Република Чешка | 22 | Холандија | 25 |
| Данска | 13 | Полска | 50 |
| Естонија | 6 | Португалија | 22 |
| Финска | 13 | Романија | 33 |
| Франција | 72 | Словачка | 13 |
| Германија | 99 | Словенија | 7 |
| Грција | 22 | Шпанија | 50 |
| Унгарија | 22 | Шведска | 18 |
| Ирска | 12 | Обединетото Кралство | 72 |
| Италија | 72 | | |
| **ВКУПНО** | | | **736** |

Забелешка: Со одлука согласно Протоколот број 36 од Лисабонскиот договор, вкупниот број на пратеници во ЕП привремено ќе се зголеми на 754. Таа одлука ќе важи до следните избори во 2014 година.

Парламентот учествува во законодавната работа на ЕУ на два начина:

- Преку „**заедничкото одлучување**", кое претставува вообичаена законска процедура, Парламентот ја дели одговорноста со Советот за донесување закони во областа на сите политики кои бараат „**квалификувано мнозинство**" во Советот. Со стапувањето во сила на Лисабонскиот договор, овие политики опфаќаат околу 95% од законодавството на ЕУ. Советот и Парламентот можат да се договорат за одреден предлог закон веднаш по првото читање. Доколку не можат да постигнат согласност и по второто читање, предлогот се испраќа на разгледување кај комисија за усогласување.
- Преку процедурата за **„давање согласност"**, Парламентот мора да ги ратификува меѓународните договори на ЕУ (за кои претходно преговарала Европската комисија), како и договорите кои се однесуваат на секое ново проширување на Европската Унија.



**Политички групи во Европскиот парламент**




*Состојба во јули 2010 година*

Европскиот парламент ја споделува со Советот и надлежноста за донесувањето на буџетот на Европската Унија (предложен од страна на Европската комисија). Парламентот може да не го одобри предложениот буџет и тој тоа свое право го искористил неколку пати досега. Во тие случаи, целата постапка за донесување на буџетот мора да почне од почеток. Важната улога на Парламентот во донесувањето на буџетот му овозможува да има значително влијание во процесот на креирање на политиките на ЕУ.

Конечно, но подеднакво важно, Европскиот парламент е тело кое врши демократска контрола врз Унијата, а особено врз Европската комисија. На секои пет години, по истекувањето на мандатот на Европската комисија, новоизбраниот Европски парламент може – по пат на просто мнозинство – да го одобри или отфрли кандидатот на Европскиот совет за позицијата претседател на Комисијата. Тоа гласање секако ќе биде одраз на последните избори за ЕП. Парламентот, исто така, ги интервјуира сите предложени кандидати за членови во Комисијата пред да гласа за или против целокупниот состав на идната Европска комисија.

Во секое време, Парламентот може да ја распушти целата Комисија преку усвојување на предлог за изгласување недоверба. За ова е потребно двотретинско мнозинство. Парламентот, исто така, го надгледува секојдневното спроведување на политиките на ЕУ преку поставување устни и писмени прашања до Комисијата и Советот.

**(г) Европската комисија**

Европската комисија е една од клучните институции на ЕУ. Таа е единствената институција која има право да изготвува предлози за нови европски закони, кои ги испраќа на разгледување и усвојување кај Советот и Парламентот.

Нејзините членови се именуваат на секои пет години по пат на заеднички договор меѓу земјите-членки, а истите треба да ги одобри и Европскиот парламент (како што беше објаснето погоре). Комисијата одговара пред Парламентот, и доколку Парламентот и изгласа недоверба, Комисијата мора да поднесе колективна оставка.

Секоја земја-членка има по еден член (комесар) во Комисијата, вклучувајќи ги и претседателот на Комисијата и Високиот претставник за надворешни прашања и безбедносна политика, кој истовремено е еден од потпретседателите на Комисијата.

На 9-ти февруари 2010 година, Европскиот парламент гласаше за новата Комисија. Поранешниот премиер на Португалија, Жозе Мануел Баросо, беше назначен Претседател на Европската комисија по втор пат, за период од пет години.

Комисијата има висок степен на независност во вршењето на нејзината работа. Нејзината главна задача е да ги претставува заедничките интереси на Европската Унија, што значи дека таа не смее да биде под влијание на ниту една од владите на земјите-членки на ЕУ. Како „чувар на договорите", Комисијата е надлежна да проверува дали земјите-членки ги спроведуваат регулативите и директивите што ги донесуваат Советот и Парламентот. Доколку Комисијата утврди непочитување на законите на ЕУ, таа може да ги изведе овие земји-членки пред Судот на правдата со цел да ги обврзе да ги почитуваат законите на ЕУ.

Имајќи ја извршната власт во свои раце, Комисијата ги спроведува одлуките на Советот во неколку области, како на пример заедничката земјоделска политика. Таа има широки надлежности во управувањето со заедничките политики, како истражувањето и технологијата, меѓународната помош и регионалниот развој. Комисијата раководи и со буџетот наменет за спроведување на овие политики.

Комесарите имаат своја јавна администрација, која се наоѓа во Брисел и Луксембург, и е поделена на 43 оддели и служби. Постојат и неколку агенции чија задача е извршување на специфични активности за потребите на Комисијата, а кои се наоѓаат во други европски градови.

**(д) Судот на правдата**
Судот на правдата на Европската Унија, со седиште во Луксембург, е составен од по еден судија од секоја земја-членка на ЕУ и осум генерални правобранители. Судиите ги именуваат владите на земјите-членки со заедничка согласност. Секој од нив има мандат од шест години. Независноста на судиите е загарантирана. Главна задача на Судот на правдата е да обезбеди почитување на правото на ЕУ и правилно толкување и примена на Договорите.

**(ѓ) Европската централна банка**
Европската централна банка, со седиште во Франкфурт, е одговорна за управување со еврото и со монетарната политика на ЕУ (види го поглавје 7 „Еврото"). Нејзината главна цел е да ја одржи стабилноста на цените во евро-зоната. Со Лисабонскиот договор, Централната банка доби статус на институција на Европската Унија.






Судот на правдата се грижи за почитувањето на европското законодавство. На пример, тој потврди дека дискриминацијата на работниците со посебни потреби е забранета.

**(е) Судот на ревизори**
Судот на ревизори, со седиште во Луксембург, беше формиран во 1975 година. Тој е составен од по еден член од секоја земја-членка на ЕУ. По консултација со Европскиот парламент, земјите-членки на ЕУ заеднички ги именуваат членовите на судот со мандат од шест години. Судот на ревизори има за задача да провери дали е собран вкупниот приход од Европската Унија и дали сите трошоци се направени законски и според правилата, како и дали рационално се раководи со буџетот на ЕУ.

## II. ДРУГИ ТЕЛА

**(а) Европски комитет за економски и социјални прашања**
Во процесот на донесување одлуки за прашања поврзани со некои од политиките на ЕУ, Советот и Комисијата се советуваат со Европскиот комитет за економски и социјални прашања (ЕКЕСП). Неговите членови застапуваат различни интересни групи кои заедно го сочинуваат „организираното граѓанско општество". Членовите на ЕКЕСП ги назначува Советот со мандат од пет години.

**(б) Комитет на регионите**
Комитетот на регионите (КР) се состои од претставници на регионалните и локалните власти, коишто ги предлагаат земјите-членки, а ги назначува Советот, со мандат од пет години. Советот и Комисијата се обврзани да се консултираат со КР за прашања кои се однесуваат на регионите. Комитетот може, исто така, да дава мислења и на сопствена иницијатива.

**(в) Европска инвестициска банка**
Европската инвестициска банка (ЕИБ), со седиште во Луксембург, дава заеми и гаранции со цел да им помогне на помалку развиените региони во ЕУ, како и на помалку конкурентните бизниси.

**Што работи ЕУ?**

[ 5 ]

- Европската Унија спроведува низа активности во рамките на одделните заеднички политики на нејзините земји-членки. Тоа се:
  - политики за иновации, преку кои највисоките технологии се воведуваат во области какви што се заштитата на животната средина, истражувањето и развојот, и енергијата;
  - политики на солидарност (познати и како кохезиски политики) во областа на регионалните, земјоделските и социјалните прашања.
- Унијата има годишен буџет за финансирање на овие политики. Тој буџет ѝ овозможува да ги надополни и прошири активностите на националните влади во рамките на овие политики. Буџетот на ЕУ е мал во споредба со колективното богатство на нејзините земји-членки: тој претставува не повеќе од 1.24% од нивниот заеднички бруто национален приход.



## I. ПОЛИТИКИ ЗА ИНОВАЦИИ

Европската Унија влијае врз секојдневниот живот на нејзините граѓани бидејќи во својата работа таа се обидува да се справи со предизвиците кои постојат во општеството: заштитата на животната средина, здравјето, иновациите, енергијата, итн.

**(а) Животна средина и одржлив развој**

Европската Унија има за цел да помогне во спречувањето на климатските промени по пат на значително намалување на испуштањето на гасови со кои се предизвикува ефектот на стаклена градина. Во декември 2008 година, Европскиот совет се согласи дека до 2020 година, Европската Унија ќе го намали испуштањето на гасови за најмалку 20% (во споредба со нивоата од 1990 година), ќе го зголеми својот дел на пазарот за обновлива енергија за 20% и ќе ја намали вкупната потрошувачка на енергија за 20%. Таа, исто така, се согласи дека 10% од горивото за транспорт ќе биде обезбедено од биогорива, електрична енергија или водород.

На самитот во Копенхаген кој се одржа на 19-ти декември 2009 година, Европската Унија се обиде да ги убеди другите поголеми сили да ги усвојат истите цели, но во тоа успеа само делумно. Сите страни ја прифатија потребата да го ограничат глобалното затоплување на просечен раст од 2°C над пред-индустриските нивоа, но сé уште не е загарантирана колективната обврска за постигнување на оваа цел. Сепак, Европската Унија успеа да склучи договор според кој развиените земји ќе им дадат 20 милијарди евра на земјите во развој за финансирање на нивните активности насочени против климатските промени.




ЕУ е на чело на борбата за спречување на климатските промени и за поддршка на оддржливиот развој.

ЕУ се справува и со други прашања од областа на животната средина, како: бучавата, отпадот, заштитата на природниот хабитат, издувните гасови, хемиските супстанци, индустриските незгоди и чистотата на водата за миење. Таа, исто така, прави планови за заеднички активности за спречување на

природни катастрофи или катастрофи предизвикани од луѓето, какви што се истекувањето на нафта или шумските пожари.

Европската Унија постојано работи на усовршувањето на нејзиното законодавство со цел да обезбеди подобра заштита на јавното здравје. На пример, законодавството на ЕУ за хемиските супстанци беше ревидирано: претходните расцепкани правила сега се заменети со еден единствен систем познат како REACH – Регистрација, евалуација и авторизација на хемиските супстанци. Овој систем користи централна база на податоци, со која (од 2008 година) раководи Европската агенција за хемиски супстанци, со седиште во Хелсинки. Целта на ова законодавство е да се спречи загадувањето на воздухот, водата, почвата и зградите, да се зачува биодиверзитетот и да се подобри здравјето и безбедноста на граѓаните на ЕУ, а истовремено да се одржи конкурентноста на европската индустрија.

**(б) Технолошки иновации**

Основачите на Европската Унија биле во право кога увиделе дека идниот просперитет на Европа ќе зависи од нејзината способност да остане светски лидер во технологијата. Тие ги согледале предностите што може да ги има заедничкото европско истражување. Така, во 1958 година, заедно со ЕЕЗ, тие ја создадоа и ЕВРОАТОМ – Европската заедница за атомска енергија. Таа беше создадена со цел да им се овозможи на земјите-членки заеднички да ја користат нуклеарната енергија за мирнодопски цели, со помош на Заедничкиот истражувачки центар (ЗИЦ). ЗИЦ се состои од девет истражувачки институти со седишта на четири локации: Испра (Италија), Карслруе (Германија), Петен (Холандија) и Геел (Белгија).

Но, за да може да оди во чекор со растечката глобална конкуренција, европското истражување мораше да стане поразнолико и да ги отстрани бариерите меѓу националните програми за истражување, поврзувајќи што е можно поголем број на научници и помагајќи им да најдат индустриска примена на нивните откритија.

Целта на заедничкото истражување на ниво на ЕУ е да ги надополни националните програми за истражување на одделните земји. Тоа се фокусира




ЕУ ги поттикнува иновациите и истражувањата какви што се „Галилео", глобалниот навигациски сателитски систем на Европа.



на проекти во кои се здружуваат повеќе лаборатории од различни земји на ЕУ. Исто така, поддржува основни истражувања во области како што е контролираната термонуклеарна фузија – потенцијален неисцрплив извор на енергија во 21. век. ЕУ, исто така, го поттикнува истражувањето и технолошкиот развој во клучните индустрии, како електрониката и компјутерите, кои се соочуваат со силна конкуренција што доаѓа однадвор.

ЕУ има за цел да потроши 3% од нејзиниот БДП на истражување. Главната алатка за финансирање на истражувањето на ниво на ЕУ се неколкуте „рамковни" програми. Седмата рамковна програма за истражување и технолошки развој го опфаќа периодот од 2007 до 2013 година. Најголемиот дел од буџетот, кој изнесува повеќе од 50 милијарди евра, се користи за истражувања во областа на здравството, храната и земјоделството, информатичката и комуникациската технологија, нанотехнологиите, енергијата, животната средина, транспортот, безбедноста, науката за вселената и социо-економските науки. Постојат и други програми чија цел е поддршка на меѓународната соработка во рамките на проекти за напредно истражување и за давање поддршка за истражувачите и развојот на нивните кариери.

**(в) Енергија**

Фосилните горива – нафтата, природниот гас и јагленот – обезбедуваат 80% од енергијата што се троши во ЕУ. Сé поголем дел од овие фосилни горива Европската Унија ги увезува од надвор. Во моментов, 50% од гасот и нафтата што ЕУ ги користи се увезуваат, а ваквата зависност од увозот може да се зголеми на 70% до 2030 година. Затоа, ЕУ ќе биде поранлива при рестрикции или нагли зголемувања на цените на горивата предизвикани од меѓународни кризи. Уште една причина за да се намали потрошувачката на фосилните горива е да се врати наназад процесот на глобално затоплување.

Во иднина ќе мора да се преземаат дополнителни чекори, какви што се штедење на енергијата по пат на нејзина поразумна употреба, развој на алтернативни извори на енергија (особено обновливи енергетски извори во Европа) и зајакнување на меѓународната соработка. Истражувањата и развојот во областа на енергетиката во Европа се фокусирани на соларната енергија, како и на енергијата од ветер, биомаса и нуклеарната енергија. Постојат пилот проекти за развој на производството на енергија со зафаќање и чување на јаглерод диоксидот, како и за комерцијален опстанок на автомобилите кои се движат на водород. Европската Унија, исто така, инвестираше 1,6 милијарди евра во концептот „чисто небо" со цел да овозможи развој на воздушен сообраќај кој помалку загадува.

## II. ПОЛИТИКИ ЗА СОЛИДАРНОСТ

За да се обезбеди правилно функционирање на единствениот пазар (погледнете во поглавје 6), мора да се регулира нерамнотежата што постои на тој пазар. Во тоа всушност се состои целта на „политиките за солидарност" на Европската Унија, кои се создадени за да им помогнат на неразвиените региони и на проблематичните

сектори во економијата. Европската Унија, исто така, мора да ја одигра својата улога во потпомагањето на процесот на преструктурирање на индустриите кои биле силно погодени од страна на брзорастечката меѓународна конкуренција.

**(а) Регионална помош**

Во рамките на регионалната политика, средствата од Европската Унија се користат за зајакнување на развојот на помалку развиените региони, за обновување на индустриските области чиј развој опаѓа, за помош на младите луѓе и на оние кои долго време се невработени да најдат работа, за модернизација на земјоделството и за помош на сиромашните рурални подрачја.

Средствата кои се наменети за регионална помош за периодот 2007-13 имаат три цели:

- **Меѓусебно приближување**. Целта е да им се помогне на најнеразвиените земји и региони побрзо да ги приближат своите економии кон просекот на ЕУ, по пат на подобрување на условите за економски раст и вработување. Тоа ЕУ го прави по пат на инвестирање во физичкиот и човечкиот капитал, иновациите, создавањето на општество засновано на знаење, лесното прилагодување кон промените, заштитата на животната средина и создавањето ефикасна администрација.
- **Регионална конкурентност и вработување.** Целта е да се зголеми конкурентноста, процентот на вработеност и привлекувањето на инвестиции во регионите кои не спаѓаат во групата на оние најмалку развиените. Тоа се прави по пат на предвидување на економските и социјалните промени и охрабрување на иновациите, претприемништвото, заштитата на животната средина, достапноста, прилагодливоста и развивањето на отворени пазари на работна сила.
- **Европска територијална соработка.** Целта е да се зголеми прекуграничната, транснационалната и меѓурегионалната соработка, така што ќе им се помогне на соседните земји да изнајдат заеднички решенија за заедничките проблеми, како урбаниот, руралниот и крајбрежниот развој. На пример, земјите и регионалните власти по текот на реката Дунав и на Балтичкото море имаат заеднички стратегии за оддржлив развој на овие региони.

Европската Унија доделува посебни средства за остварување на овие цели, познати како „Структурни фондови" кои ги надополнуваат или поттикнуваат инвестициите на приватниот сектор, како и на националните и регионалните власти.

- **Европскиот фонд за регионален развој** се користи за финансирање на проекти за регионален развој и за зајакнување на економиите во помалку развиените региони, вклучувајќи го и обновувањето на индустриските области чиј развој е во опаѓање.
- **Европскиот социјален фонд** се користи за финансирање на стручното образование и за да им помогне на луѓето да најдат работа.



Покрај Структурните фондови, постои и Кохезиски фонд, кој се користи за финансирање на транспортната инфраструктура и на проекти од областа на животната средина во земјите на ЕУ чиј БДП по жител изнесува помалку од 90% од просекот на ЕУ.

**(б) Заедничка земјоделска политика (ЗЗП) и заедничка политика за риболов**

Целите на ЗЗП, утврдени во Римскиот договор од 1957 година, беа да се обезбеди добар животен стандард за земјоделците, да се стабилизира пазарот, да им се овозможи на потрошувачите да ги купуваат производите по разумни цени и да се модернизира земјоделската инфраструктура. Овие цели во голем дел се веќе исполнети. Денес потрошувачите се сигурни во квалитетот на производите, а цените на земјоделските производи останаа стабилни и заштитени од флуктуациите на светскиот пазар. Средства за спроведување на оваа политика се обезбедуваат преку Европскиот фонд за земјоделски гаранции и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој.




Земјоделството мора да обезбеди безбедна храна со добар квалитет.

Меѓутоа, ЗЗП стана жртва на својот успех. Производството растеше многу побрзо од потрошувачката, што беше голем товар за буџетот на Европската Унија. Земјоделската политика мораше да се реформира со цел да се надмине овој проблем. Реформата почна да покажува резултати: се воспостави рамнотежа во производството.

Новата улога на земјоделската заедница е да обезбеди одредено ниво на економска активност во секоја рурална област и да ја зачува разноликоста на европската природа. Ваквата разноликост и прифаќањето на „руралниот начин на живот" – луѓето живеат во хармонија со почвата – се значаен дел од европскиот идентитет.

Од 2013 година, Европската комисија сака ЗЗП да даде приоритет на одржливоста на европското земјоделство, обезбедувањето на задоволителна заштита за земјоделците од менливите пазари, зачувувањето на биодиверзитетот и заштитата на локалните и регионалните специјалитети.

Европската Унија започна и со реформата на политиката за риболов, чија главна цел е да се заштити рибниот фонд (како на пример загрозената туна) и да се намали преголемиот капацитет на риболовните флоти, а истовремено да се обезбеди финансиска помош за луѓето кои го напуштаат риболовот.

**(в) Социјалната димензија**
Социјалната политика на ЕУ има за цел да ги исправи најголемите нееднаквости во европското општество. Европскиот социјален фонд беше формиран во 1961 година со цел да се поттикне создавањето на нови работни места и со цел да им се помогне на работниците полесно да ги менуваат своите професии и/или географските локации во кои работат.

Обезбедувањето финансиска помош не е единствениот начин на кој ЕУ се обидува да ги подобри социјалните услови во Европа. Финансиската помош не е доволна за да се решат проблемите кои се последица на економските кризи или на ниското ниво на регионален развој. Динамичните резултати на растот мораат пред сé да го потпомагаат социјалниот напредок и за тоа постои законска регулатива која гарантира пакет на минимални права. Некои од овие права се содржани во договорите на ЕУ, како на пример: правото на жените и мажите да бидат подеднакво платени за вршењето иста работа. Другите права се регулирани со директивите за заштита на работнинците (здравствена заштита и заштита при работа) и со основните стандарди за безбедност.

Повелбата за основни социјални права, која стана составен дел од Договорот во 1997 година, ги утврдува правата што треба да ги имаат сите работници во ЕУ: слободно движење, праведна плата, подобри работни услови, социјална заштита, правото да формираат здруженија и да учествуваат во колективни преговори, правото на стручна обука, еднаков третман за жените и мажите, информирање, консултации и учество, здравствена заштита и заштита при работа, заштита на децата, постарите лица и лицата со посебни потреби.



## III. ПЛАЌАЊЕ ЗА ЕВРОПА: БУЏЕТОТ НА ЕУ

Европската Унија располага со годишен буџет со кој ги финансира своите политики. Годишниот буџет за 2010 година изнесуваше повеќе од 140 милијарди евра. Буџетот на ЕУ се финансира од таканаречените „сопствени средства" на ЕУ, кои не смеат да ја надминат висината од 1.23% од вкупниот бруто национален приход на сите земји-членки.

Овие средства се собираат од:

- царинските давачки за стоки увезени во ЕУ, вклучувајќи ги и земјоделските даноци;
- процент од данокот на додадена вредност (ДДВ) кој се наплатува за стоките и услугите во рамките на ЕУ;
- придонесите од сите земји-членки, чиј износ зависи од нивното богатство.

Секој годишен буџет е дел од седумгодишниот буџетски циклус познат како „финансиска перспектива". Европската комисија изготвува нацрт финансиски перспективи, кои потоа треба да бидат едногласно одобрени од страна на сите земји-членки и за кои треба да се преговара со Европскиот парламент и да се добие негова согласност. Следната финансиска перспектива ќе го опфати периодот 2013-20 година.

Со буџетот за 2010 година може да се илустрира како се трошат средствата:

- конкурентност и кохезија: 64 милијарди евра, заедно со Структурните фондови, Кохезискиот фонд, истражувачките програми и пан-европските транспортни и енергртски мрежи;
- управување со природните ресурси: 60 милијарди евра, воглавно за земјоделство и рурален развој;
- „граѓанство, слобода, безбедност и правда" (види Глава 10): 1,6 милијарди евра;
- ЕУ како глобален партнер (помош, трговија и сл.): 8 милијарди евра;
- административни трошоци: 8 милијарди евра.

# КОЈ ШТО ПРАВИ? КАКО СЕ ПОДЕЛЕНИ НАДЛЕЖНОСТИТЕ МЕЃУ ЕУ И НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ?

**Европската Унија е надлежна за:**

- царинска унија
- правилата кои ја регулираат конкуренцијата во рамките на единствениот пазар
- монетарната политика за земјите кои го користат еврото
- заштитата на морските биолошки ресурси во рамките на заедничката политика за риболов
- заедничката трговска политика
- склучувањето меѓународни договори согласно законодавството на ЕУ

**Европската Унија и нејзините земји-членки ги делат надлежностите за:**

- заедничкиот пазар
- аспектите на социјалната политика согласно Лисабонскиот договор
- економската и социјалната кохезија
- земјоделството и риболовот, со исклучок на заштитата на морските биолошки ресурси
- заштитата на животната средина
- заштитата на потрошувачите
- транспортот
- трансевропските мрежи
- енергијата
- создавањето област на слобода, безбедност и правда
- заедничките предизвици за безбедноста, кои се однесуваат на јавното здравство согласно Лисабонскиот договор
- истражувањето, технолошкиот развој и вселената
- соработката за развој и хуманитарната помош

**Области за кои се надлежни земјите-членки и за кои ЕУ има улога на поддржувач или координатор:**

- заштитата и подобрувањето на човековото здравје
- индустријата
- културата
- туризамот
- образованието, стручното образование, младите и спортот
- граѓанската заштита
- административната соработка

# Единствениот пазар

[ 6 ]

- Единствениот пазар е едно од најголемите постигнувања на Европската Унија. Препреките во трговијата и слободната конкуренција меѓу земјите-членки постепено беа отстранувани, што овозможи раст на животниот стандард.
- Единствениот пазар сé уште не прераснал во единствена економија: некои сектори (особено услугите од јавен интерес) сé уште се регулираат со национални закони. Слободата да се даваат услуги е корисна бидејќи ја поттикнува економската активност.
- Финансиската криза во 2008-09 година ја натера ЕУ да го зацврсти нејзинто финансиско законодавство.
- Во текот на изминатите години, ЕУ воведе нови политики (за транспорт, конкуренција, итн) со цел да им овозможи на што е можно повеќе дејности и потрошувачи да имаат корист од отворањето на заедничкиот пазар.



## I. ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕЛТА ОД 1993 ГОДИНА

**(а) Ограничувањата на заедничкиот пазар**

Римскиот договор од 1957 година, со кој беше основана Европската економска заедница (ЕЕЗ), овозможи да се укинат царинските бариери меѓу земјите-членки и да започнат да се употребуваат заеднички царински тарифи за стоки кои се увезуваат од земји кои не се нејзини членки. Оваа цел беше исполнета на 1-ви јули 1968 година.

Меѓутоа, царинските давачки се само еден дел од протекционизмот. Во текот на 70-те, постоењето на други трговски бариери го отежнуваше целосното функционирање на заедничкиот пазар. Техничките норми, здравствените и безбедносните стандарди, контролите на трговската размена и националните правила за правото да се работат одредени професии, го ограничуваа слободното движење на луѓето, стоките и капиталот.

**(б) Целта од 1993 година**

Во јуни 1985 година, Комисијата, под раководство на тогашниот претседател Жак Делор, објави Бела книга во која беше исцртан планот за укинување на сите физички, технички и даночни бариери врз слободното движење во рамките на ЕЕЗ, во текот на следните седум години. Целта на Белата книга беше да се поттикне развојот на индустријата и трговијата во рамките на„единствениот пазар"– голема обединета економска зона слична на американскиот пазар.

Преговорите меѓу владите на земјите-членки резултираа во нов договор – Единствениот европски акт, кој стапи на сила во јули 1987 година. Неговите одредби вклучуваат:

- проширување на надлежностите на ЕЕЗ за некои политики (социјалната политика, истражувањето и животната средина);
- воспоставување на единствениот пазар до крајот на 1992 година;
- почеста употреба на квалификуваното мнозинство во Советот на министри со цел да се олесни донесувањето одлуки за единствениот пазар.

## II. НАПРЕДОКОТ ВО ГРАДЕЊЕТО НА ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР

**(а) Физички бариери**

Сите погранични контроли на стоките во рамките на ЕУ беа укинати, вклучувајќи ја и пасошката контрола на луѓето. Но, полицијата сé уште врши повремени контроли како дел од борбата против криминалот и трговијата со дрога.

Во јуни 1985 година, пет од десетте земји-членки го потпишаа Шенгенскиот Договор со кој нивните национални полиции се согласија да работат заедно. Истовремено, се дефинираше и заедничката политика за азил и визи. Овие

чекори овозможија целосно укинување на проверките на луѓе на границите меѓу земјите потписнички на Шенгенскиот договор (погледнете во поглавје 10: „Европа изградена врз принципите на слобода, безбедност и правда"). Денес, шенгенската зона е составена од 25 европски земји, вклучувајќи три земји (Исланд, Норвешка и Швајцарија) кои не се членки на Европската Унија.

**(б) Технички бариери**

Земјите-членки на ЕУ се согласија меѓусебно да ги признаат националните правила за продажба на повеќето производи. По познатата судска одлука за случајот „Cassis de Dijon", која ја донесе Европскиот суд на правдата во 1979 година, секој производ што е легално призведен и се продава во една земја-членка мора да може да биде понуден на пазарите на сите други земји-членки.

Што се однесува до услугите, земјите на ЕУ меѓусебно ги признаваат и ги координираат своите национални правила според кои луѓето можат да работат професии како право, медицина, туризам, банкарство или осигурување. Но, слободата на движењето на луѓето во рамките на ЕУ сé уште не е целосна. И покрај директивата од 2005-та година за признавање на професионалните квалификации, сé уште постојат препреки кои ги спречуваат луѓето да се движат од една во друга земја на ЕУ или да работат одредени професии во друга земја на ЕУ. Сепак, сé повеќе се зголемува бројот на луѓе со квалификации (адвокати или доктори, градежни работници или водоводџии) кои можат слободно да ја работат својата професија во која било земја-членка на ЕУ.

Европската комисија презема мерки за подобрување на мобилноста на работниците, а особено за признавање на дипломите и работните квалификации, стекнати во една земја на ЕУ, на територијата на која било друга земја-членка на ЕУ.

**(в) Даночни бариери**

Даночните бариери беа намалени преку делумното усогласување на националните стапки на ДДВ, за што мораа да се договорат сите земји-членки. Во јули 2005 година, стапи на сила договорот меѓу земјите-членки на ЕУ и некои други земји (вклучувајќи ја и Швајцарија) за оданочувањето на приходот од инвестиции.




Со отворањето на пазарот на телекомуникации за конкуренцијата,
ЕУ овозможи драстично намалување на трошоците.

**(г) Јавни набавки**

Јавните набавки во која било земја на ЕУ сега се отворени за понудувачи од целата ЕУ, без оглед на тоа кој е нивниот нарачател. Тоа е така благодарение на директивите на ЕУ кои се однесуваат на услугите, набавките и градежните работи во многу сектори, вклучувајќи ги водоснабдувањето, енергијата и телекомуникациите.

Единствениот пазар е корисен за сите потрошувачи. На пример, отворањето на националните пазари на услуги ја намали цената на националните телефонски повици на само еден мал процент од цената која важеше пред 10 години. Интернетот сé повеќе се користи за телефонски повици, со помош на новата технологија. Притисокот на конкуренцијата, исто така, значително ги намали цените на авионскиот превоз во Европа.

## III. АКТИВНОСТИТЕ ПРОДОЛЖУВААТ

**(а) Финансиски услуги**

Во 2008 година, на самиот почеток на кризата предизвикана од хипотекарните заеми без гаранции во Соединетите Американски Држави, светските банкарски системи и економии беа потресени од глобалната финансиска криза, која во 2009 година ја вовлече Европската Унија во рецесија. На иницијатива на ЕУ, групата Г-20 одржа средба во Лондон на 2-ри април 2009 година. Нејзините членки се обврзаа да го реформираат финансискиот систем со цел тој да стане потранспарентен и поодговорен. Одговорноста за надгледувањето на фондовите за оградување од ризик, обезбедувањето поголема заштита на банкарските депозити, ограничувањето на трговскиот профит и преземањето поефикасни мерки за спречување и управување со кризи ќе им биде доделена на Европски супервизори.

**(б) Пиратерија и фалсификување**

На производите на ЕУ им е потребна заштита од пиратерија и фалсификување. Според проценките на Европската комисија, пиратеријата и фалсификувањето ја чинат ЕУ илјадници работни места секоја година. Затоа, Комисијата и националните влади работат на зголемувањето на заштитата на авторските права и патентите.

## IV. ПОЛИТИКИ КОИ ГО ПОДДРЖУВААТ ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР

**(а) Транспорт**

Активностите на ЕУ во областа на транспортот пред сé се однесуваат на давањето слобода за вршење услуги во патниот сообраќај. Тоа значи дека на транспортните претпријатија им се дава слободен пристап на меѓународниот пазар за транспорт и им се дозволува на транспортните претпријатија од која било земја-членка да работат на територијата на сите други земји-членки. ЕУ, исто така, работи во правец на обезбедување фер конкуренција во рамките на патниот сообраќај, на пример, по пат на усогласување на правилата за работни квалификации и пристап до пазарот, за слободата да се заснова бизнис и да се даваат одредени услуги, за времетраењето на возењето и безбедноста на патот.




Новите правила на ЕУ за управување со економијата и финансиите помогнаа во чистењето и зајакнувањето на банкарскиот сектор.

Слично на промените во воздушниот сообраќај, патниците кои го користат железничкиот сообраќај, исто така, имаат корист од зголемувањето на конкуренцијата меѓу железничките компании. Од 2010 година, на пример, на брзите линии во Франција и Италија возат и француски и италијански возови.

Поморскиот сообраќај – без оглед на тоа дали се работи за европски компании или за бродови со знаме на земји кои не се членки на ЕУ – е регулиран со правилата за конкурентност на ЕУ. Овие правила се наменети за борба против нееднаквото одредување на цените (употреба на знамиња зависно од потребите) и за справување со сериозните потешкотии со кои се соочува бродоградителството во Европа.

Од почетокот на 21. век, Европската Унија финансира амбициозни проекти за развивање на новите технологии како сателитскиот навигациски систем Галилео, системот за управување со европскиот железнички сообраќај и SESAR – програма за модернизирање на воздушните навигациски системи.

ЕУ ги зацврсти правилата за безбедност во патниот сообраќај (во однос на одржувањето на возилата, транспортот на ризични стоки и безбедноста на патиштата). Правата на патниците се, исто така, подобро заштитени благодарение на Повелбата за правата на авиопатниците и новото законодавство за правата на патниците во железничкиот сообраќај. Во 2005 година, за првпат беше објавена листа на небезбедни авиокомпании на кои им беше забрането да работат во ЕУ.

**(б) Конкуренција**

Политиката на ЕУ за конкуренција има за цел да обезбеди не само слободна, туку и фер конкуренција на европскиот единствен пазар. Европската комисија ја спроведува оваа политика и, заедно со Судот на правдата, се грижи земјите-членки да ја почитуваат истата.

Целта на оваа политика е да го спречи ограничувањето на слободната конкуренција на единствениот пазар од страна на бизнис картелите, властите кои даваат дополнителна помош или неправедните монополи.

Компаниите и телата кои склучиле било каква спогодба, која е опфатена со правилата на Договорот на ЕУ, мораат веднаш за тоа да ја известат Европската комисија. Комисијата може директно да ѝ одреди казна на која било компанија што ги прекршила правилата за конкуренција или не ја известила Комисијата за тоа, како во случајот со Мајкрософт кој, во 2008 година, беше казнет со парична казна од 900 милиони евра.

Доколку некоја земја-членка нелегално додели помош или доколу не испрати известување за тоа, Комисијата може да побара помошта да биде вратена. Комисијата, исто така, мора да биде известена за секое спојување или преземање на компании кои можат да создадат доминантна позиција на некоја компанија во одреден сектор.

**(в) Заштита на потрошувачите и јавно здравство**

Законодавството на ЕУ во оваа област има за цел да им обезбеди на сите потрошувачи во Европската Унија ист степен на финансиска и здравствена заштита, без оглед на тоа каде живеат, каде патуваат или каде пазарат. Потребата за заштита на потрошувачите на ниво на ЕУ стана најочигледна во доцните 90ти кога беше загрозена безбедноста на храната од болести како „кравјото лудило". Во 2002 година, беше оформена Европската управа за безбедна храна со цел да создаде цврста научна основа за донесување закони од областа на безбедноста во исхраната.

Заштитата на потрошувачите на ниво на ЕУ е потребна и во многу други области. Затоа постојат бројни ЕУ директиви кои се однесуваат на безбедноста на козметичките препарати, играчките, огнометот, итн. Во 1993 година, беше оформена Европската агенција за лекови која работи на апликациите за добивање европски пазарни авторизации за произведување лекови. Ниту еден лек не може да се продава во ЕУ без оваа авторизација.

Европската Унија, исто така, презема мерки за заштита на потрошувачите од неточни и лажни реклами, неисправни производи и злоупотреба во области како потрошувачки кредити и нарачки по пошта или продавање на интернет.

## Еврото

[ 7 ]

- Еврото е единствена валута на 16 од 27-те земји-членки на Европската Унија. На 1-ви јануари 2011 година, ним им се приклучи Естонија. Еврото почна да се користи за неготовински трансакции во 1999 година, а од 2002 година, со воведувањето на банкнотите и монетите, еврото се користи за сите видови платежни операции.
- Сите нови земји-членки се очекува да го прифатат еврото штом ќе ги исполнат неопходните критериуми за тоа. Гледано на долг рок, сите земји на ЕУ би требало да ѝ се приклучат на еврозоната.
- Еврото им овозможува на потрошувачите во Европа значителни предности. Патниците се поштедени од трошоците и маката при менувањето валути. Продавачите можат директно да ги споредат цените во различни земји. Цените се стабилни благодарение на Европската централна банка, чија работа е да ја одржува таа стабилност. Исто така, еврото стана посилна резервна валута заедно со американскиот долар. За време на финансиската криза од 2008 година, заедничката валута ги заштити земјите од еврозоната од конкурентната девалвација и од нападите на шпекулантите.
- Структурните слабости на економиите на некои од земјите-членки го изложуваат еврото на шпекулантски напади. За да му одговорат на овој ризик, институциите на ЕУ и 27те земји-членки, на 9-ти мај 2010 година, одлучија да создадат „механизам за финансиска стабилизација" во вредност од 750 милијарди евра. Клучно прашање за во иднина е како да се оствари потесна соработка и поголема економска солидарност меѓу земјите-членки, кои од своја страна треба добро да раководат со своите јавни финансии и да го намалат својот буџетски дефицит.



## I. КАКО БЕШЕ СОЗДАДЕНО ЕВРОТО

**(а) Европскиот монетарен систем**

IВо 1971 година, Соединетите Американски Држави одлучија да ја укинат фиксната врска меѓу доларот и официјалната цена на златото, која ја одржуваше глобалната монетарна стабилност по Втората светска војна. Тоа стави крај на фиксните девизни курсеви. Гувернерите на централните банки во ЕЕЗ одлучија да ги ограничат флуктуациите на девизниот курс меѓу нивните валути на не повеќе од 2.25%, со што беше создаден „европскиот монетарен систем" (ЕМС), кој стана оперативен во март 1979 година.

**(б) Од ЕМС до ЕМУ**

На самитот на Европски Совет во Мадрид, во јуни 1989 година, лидерите на ЕУ усвоија план за формирање на економска и монетарна унија (ЕМУ) кој се одвиваше во три фази. Овој план стана дел од Договорот од Мастрихт за Европската Унија и беше усвоен од страна на Европскиот совет во декември 1991 година.

## II. ЕКОНОМСКАТА И МОНЕТАРНА УНИЈА

**(а) Трите фази**

Првата фаза, која започна на 1-ви јули 1990 година, вклучуваше:

- целосно слободно движење на капиталот во рамките на ЕУ (контролите врз трговската размена беа укинати);
- зголемување на Структурните фондови со цел да се зајакнат напорите за отстранување на нееднаквостите меѓу европските региони;
- економска конвергенција, по пат на мултилатерален надзор вр економските политики на земјите-членки.

Втората фаза започна на 1-ви јануари 1994 година. Таа вклучуваше:

- основање на Европскиот монетарен институт (ЕМИ) во Франкфурт; ЕМИ беше составен од гувернерите на централните банки на земјите на ЕУ;
- независност (или одржување на независноста) на националните централни банки од контролата на владите;
- воведување правила за контролирање на националните буџетски дефицити.

Третата фаза го означи раѓањето на еврото. Во периодот од 1-ви јануари 1999 година до 1-ви јануари 2002 година, еврото прерасна во заедничка валута на земјите на ЕУ кои истата ја прифатија (Австрија, Белгија, Финска, Франција, Германија, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија и Шпанија). Тогаш, Европската централна банка ги презема од ЕМИ надлежностите за водење на монетарната политика, која е дефинирана во евра и се спроведува во евра.

Три земји (Данска, Шведска и Обединетото Кралство) одлучија, поради политички и технички причини, да не го прифатат еврото во моментот на неговото раѓање. Словенија ѝ се приклучи на евро-зоната во 2007 година, по неа се приклучија Кипар и Малта во 2008 година, Словачка во 2009 и Естонија во 2011 година.

Денес еврото се користи во 17 земји на ЕУ, а сите нови земји-членки ќе го усвојат веднаш штом ги исполнат неопходните услови.

### (б) Критериуми за конвергенција

За да ѝ се приклучат на евро-зоната, сите земји-членки мораат да ги исполнат долунаведените пет критериуми за конвергенција:

- **Стабилност на цените:** стапката на инфлација не смее да биде повисока од 1.5% од просечните стапки на инфлација во трите земји-членки со најниска инфлација.
- **Каматни стапки:** долгорочните каматни стапки не смеат да варираат повеќе од 2% во однос на просечните каматни стапки на трите земји-членки со најниски каматни стапки.
- **Дефицит:** националниот буџетски дефицит мора да биде под 3% од БДП.
- **Јавен долг:** јавниот долг не смее да изнесува повеќе од 60% од БДП.
- **Стабилност на девизниот курс:** девизниот курс мора да остане во рамките на дозволената граница на флуктуирање за претходните две години.

### (в) Пактот за стабилност и развој

Во јуни 1997 година, Европскиот совет во Амстердам го усвои Пактот за стабилност и развој. Со усвојувањето на Пактот земјите од евро-зоната се обврзаа дека ќе ја одржуваат својата буџетска стабилност. Пактот воведе казни за земјите од евро-зоната чиј буџетски дефицит изнесува повеќе од 3% од БДП. Подоцна се утврди дека правилата содржани во Пактот се престроги и затоа истиот беше реформиран во март 2005 година.

### (г) Еврогрупата

Еврогрупата ја сочинуваат министрите за финансии на земјите кои ѝ припаѓаат на евро-зоната. Тие одржуваат средби на кои ги координираат своите економски политики и ги набљудуваат буџетските и финансиските политики на своите земји. Еврогрупата, исто така, ги застапува интересите на еврото на меѓународните форуми.






Во Талин, главниот град на Естонија, еврото ја замени „кроната" во јануари 2011 година.

Со усвојувањето на Лисабонскиот договор, Еврогрупата доби формален статус. Во јануари 2010 година, Премиерот на Луксембург, Жан Клод Јункер, беше повторно избран за Претседател на Еврогрупата за период од две и пол години.

### (д) Макроекономската конвергенција од 2007 година: последиците од финансиската криза

Финансиската криза од 2008 година значително го зголеми јавниот долг на повеќето земји на ЕУ. Сепак, во текот на кризата и нападите од шпекулантите, еврото ги заштити најранливите економии од девалвацијата.

Во текот на зимата 2009-10, некои од најзадолжените земји со растечки буџетски дефицит беа најмногу изложени на ваквите напади. Затоа, на предлог на Европската комисија, земјите-членки на ЕУ, во мај 2010 година, одлучија да основаат „механизам за финансиска стабилизација" на евро-зоната. Преку овој механизам, земјите-членки на ЕУ и ММФ ќе обезбедат 750 милијарди евра. Истовремено, земјите-членки на ЕУ и институциите се повикаа на одредби од Лисабонскиот договор со кои се зајакнува управувањето со економијата на ЕУ. Одредбите утврдуваат: вршење консултации за националните буџети пред тие да се усвојат; набљудување на националните економии и зацврстување на правилата за конкурентност; анализа и измена на санкциите кои се користат доколку земјите ги прекршат финансиските правила.

За да одговори на глобалните финансиски и економски промени, Европската Унија мора да преземе построги мерки за да се осигури дека земјите-членки одговорно управуваат со своите буџети и дека си даваат меѓусебна финансиска поддршка. Тоа е единствениот начин еврото да опстане како сериозна заедничка валута, а земјите-членки успешно да се соочуваат со економските предизвици на глобализацијата. И Комисијата и Европскиот парламент постојано го истакнуваат значењето на координацијата на економските и социјалните политики, бидејќи – гледано долгорочно – европската заедничка валута не може да опстане без постоењето на одредена форма на заедничка економска конвергенција.

[ 8 ]

# Развивање врз основа на знаењето и иновациите

**Стратегијата Европа 2020 ги има следните цели:**

- **справување со глобализацијата и економските кризи по пат на обновување на конкурентноста на европската економија (телекомуникациите, услугите, енергијата, новите зелени технологии за одржлив развој);**
- **овозможување на:**
  - **рационален развој: подобрување на знаењето, иновациите, образованието и дигиталното општество;**
  - **одржлив развој: поддршка за развојот на економии кои поефикасно ги користат ресурсите, кои се поконкурентни и кои повеќе се грижат за животната средина;**
  - **сеопшт раст: поддршка за развојот на економии со висока стапка на вработеност, вклучувајќи социјална и територијална кохезија.**



На почетокот на 90-тите години, две значајни промени започнаа да ги трансформираат економиите и секојдневниот живот во целиот свет, вклучувајќи ја и Европа. Едната промена е глобализацијата со која значително се зголеми меѓусебната зависност на економиите од целиот свет. Другата значајна промена е технолошката револуција, вклучувајќи го интернетот и новите информатички и комуникациски технологии. Неодамна, светот го погодија големи кризи како на пример финансиската криза од 2007-09 година, која предизвика голема економска рецесија и пораст на невработеноста во Европа.

## I. ЛИСАБОНСКИОТ ПРОЦЕС

**(а) Цели**

Уште во март 2000 година, на самитот на Европскиот совет во Лисабон, лидерите на ЕУ одлучија дека на европската економија ѝ е неопходна модернизација за да може да им биде конкурентна на Соединетите Американски Држави и на новите светски економии како што се Бразил, Кина и Индија. Од друга страна, европскиот социјален модел се заснова на ефикасност и солидарност во областа на здравствената заштита и пензискиот систем. За да може да се одржи овој социјален модел, тој мора да се ревитализира. Конкуретноста на Европа ќе мора да се заснова врз знаење и вештини, а не врз ниски плати. Некои индустрии започнаа да се селат во други делови од светот, а за да најде замена за нив, Европа требаше да отвори нови работни места во секторите со повисока вредност како што се е-економијата (со употреба на широкопојасни мрежи со висок капацитет) и новите технологии кои користат помалку енергија.




За да биде во чекор со глобалната конкуренција,
ЕУ ја поддржува практичната употреба на новата технологија.

**(б) Стратегија**

Европскиот совет усвои детална стратегија за постигнување на горенаведените цели. „Лисабонската стратегија" опфаќа активности од многу области, како истражувањето, образованието, стручната обука, пристапот до интернет и он-лајн претприемништвото. Таа, исто така, содржи реформи на европскиот систем за социјално осигурување. Развојот на овие системи е една од најголемите придобивки на Европа бидејќи тие му овозможуваат на општеството да ги спроведе неопходните структурни и социјални промени без поголеми потешкотии. Но, овие системи мора да се модернизираат со цел да бидат одржливи и да им носат бенефиции и на идните генерации.

Секоја пролет, Европскиот совет одржува средби на кои го разгледува постигнатиот напредок во спроведувањето на Лисабонската стратегија.

## II. ПОГОЛЕМ ФОКУС НА РАСТОТ И НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

На самитот одржан во пролетта 2010 година, Европскиот совет донесе заклучок дека 10 години по усвојувањето на Лисабонската стратегија, целите на Лисабонскиот процес не се остваруваат според планот. Во многу земји на ЕУ, невработеноста сѐ уште беше голема и затоа ЕУ мораше да се фокусира на остварувањето поголем економски раст и на отворањето нови работни места. Доколку сака нејзината економија да биде попродуктивна и да зајакне социјалната кохезија, Европа мора повеќе да инвестира во истражувањето и иновациите, образованието и обуката. Така, на иницијатива на Жозе Мануел Баросо (Претседател на Европската комисија), Европскиот совет усвои нова стратегија за следните 10 години: стратегијата Европа 2020.






Една од целите на „Европа 2020" е да се воспостави потесна врска меѓу високото образование и светот на бизнисот.

Согласно оваа стратегија, 27-те земји-членки:

- ќе ѝ дадат поголема улога на Европската комисија во унапредувањето на Лисабонскиот процес, по пат на спроведување на „најдобрата пракса" низ Европа (со што ќе се оди чекор подалеку од едноставната меѓувладина соработка, позната како „отворен метод за координација");
- ќе ја забрзаат реформата на нивните финансиски пазари и на системите за социјално осигурување и ќе ги либерализираат нивните сектори за телекомуникации и снабдување со енергија;
- ќе ги подобрат нивните системи за образование, повеќе ќе им помагаат на младите луѓе да најдат работа, ќе ја зајакнат поврзаноста меѓу универзитетите и компаниите, и ќе продолжат со спроведувањето на програмите Еразмус, Леонардо и Еразмус Мундус;
- забрзано ќе работат на создавањето европски „заеднички пазар" на истражувањето (на пример, по пат на усогласување на нивните даноци и системите за социјално осигурување) — со што ќе им овозможат на научниците, знаењето и технологиите лесно да се движат во рамките на Европа;
- ќе ги зголемат средствата за истражување и иновации на 3% од БДП (цел што си ја поставија и Соединетите Американски Држави).

# Што значи да се биде европски граѓанин?

[ 9 ]

- **Граѓаните на земјите-членки на Европската Унија можат да патуваат, живеат и работат насекаде во Европската Унија.**
- **ЕУ поддржува и финансира низа програми, особено од областа на образованието и културата, чија цел е да ги зближи граѓаните на ЕУ.**
- **Со постигнувањето видливи резултати и пренесувањето појасна порака за тоа што ЕУ прави за луѓето, сé повеќе ќе зајакнува чувството на припадност кон Европската Унија кај нејзините граѓани.**
- **Луѓето ги препознаваат симболите на заедничкиот европски идентитет, како што се единствената валута и европското знаме и химна.**
- **Почнува да се раѓа и „европски јавен сектор", составен од европски политички партии. На секои пет години, граѓаните гласаат за нов состав на Европскиот парламент, кој потоа гласа за новата Европска комисија.**



Новиот Договор за ЕУ предвидува граѓанска припадност на Европската Унија: „Секое лице кое има национална припадност на една земја-членка ќе биде граѓанин на Унијата. Граѓанската припадност на Унијата ќе ја дополнува, а нема да ја замени националната припадност" (член 20(1) од Договорот за функционирањето на Европската Унија). Но, што всушност значи граѓанска припадност кон ЕУ?

## I. ДА СЕ ПАТУВА, ЖИВЕЕ И РАБОТИ ВО ЕВРОПА

Доколку сте граѓанин на ЕУ, вие имате право да патувате, работите и живеете насекаде во Европската Унија.

Доколку сте завршиле универзитетски студии со времетраење од три или повеќе години, вашите квалификации ќе бидат признаени во сите земји на ЕУ, бидејќи земјите-членки на ЕУ имаат меѓусебна доверба во квалитетот на нивните системи за образование и обука.

Можете да работите во здравството, образованието или во некоја друга јавна услуга (освен во полиција, вооружени сили, итн.) во која било земја-членка на Европската Унија. Зарем не е сосем природно да се ангажира британски наставник да предава англиски јазик во Рим или да се поттикне некој млад дипломиран белгиец да се пријави на испит за вработување во државната администрација во Франција?

Пред да тргнете на пат низ Европската Унија, можете да добиете од властите во вашата земја европска картичка за здравствено осигурување со која ќе можете да ги покриете вашите здравствени трошоци доколку се разболите во друга земја.




Европејците се слободни да живеат и да работат во која било земја на ЕУ.

## II. КАКО МОЖЕТЕ ДА ГИ ОСТВАРИТЕ ВАШИТЕ ПРАВА КАКО ЕВРОПСКИ ГРАЃАНИН

Како граѓанин на Европската Унија вие не сте само работник или потрошувач: вие, исто така, имате специфични политички права. По стапувањето на сила на Договорот од Мастрихт, вие имате право да гласате и да се кандидирате на локалните избори во земјата каде што живеете, како и на изборите за Европскиот парламент, без оглед на вашата национална припадност.

Од декември 2009 година (кога стапи на сила Лисабонскиот договор), вие, исто така, имате право да испратите петиција до Европската комисија за поднесување нов предлог закон – под услов да соберете потписи од еден милион луѓе од поголемиот број на земји-членки на ЕУ.

## III. ОСНОВНИ ПРАВА

Обврската на Европската Унија да ги почитува граѓанските права беше потврдена во Ница, во декември 2000 година, кога Европскиот Совет свечено ја објави **Повелбата за основните права на Европската Унија**. Повелбата беше изготвена од страна на една Конвенција што ја сочинуваа членови на националните парламенти, членови на Европскиот парламент, претставници на националните влади и еден член на Европската комисија. Поделени во шест поглавја – Достоинство, Слобода, Еднаквост, Солидарност, Граѓански права и Правда – 54-те члена на Повелбата ги утврдуваат основните вредности на Европската Унија и граѓанските, политичките, економските и социјалните права на граѓаните на ЕУ.

Почетните членови на Повелбата се однесуваат на човечкото достоинство, правото на живот, правото на „човечки интегритет" и правото за слободно изразување и совест. Поглавјето за солидарноста ги обединува, на иновативен начин, социјалните и економските права, какви што се:

- правото на штрајк;
- правото на работниците да бидат информирани и консултирани;
- правото на усогласување на семејниот со професионалниот живот;
- правото на здравствена заштита, социјална сигурност и социјална помош насекаде во Европската Унија.

Повелбата, исто така, ја промовира еднаквоста меѓу мажите и жените и за прв пат ги вклучува правата во однос на заштитата на податоци, забраната за практикување евгениска пракса и клонирањето на човечки суштества, правото на заштита на животната средина, правата на децата и постарите лица и правото на добра администрација.

Со Лисабонскиот договор, кој стапи на сила на 1-ви декември 2009 година, Повелбата доби исто правно значење како Договорите на ЕУ – и оттаму, таа може да се користи како основа за поведување случај пред Судот на правдата на ЕУ. (Постои посебен протокол со кој се утврдува примената на Повелбата во Полска и Обединетото Кралство, а кој подоцна ќе се применува и за Република Чешка).

Исто така, член 6 од Лисабонскиот договор ѝ дава правна основа на ЕУ да ја потпише Европската конвенција за човекови права. Доколку ЕУ ја потпише оваа Конвенција тогаш таа нема да биде само спомената во Договорите на ЕУ, туку ќе добие правно значење во земјите на ЕУ, со што ќе се обезбеди поголема заштита на човековите права во Европската Унија.




Едно од основните права содржани во Повелбата за основни права на Европската Унија е правото на усогласување на семејниот со професионалниот живот.

## IV. ЕВРОПА ЗНАЧИ ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

Чувството на заедничка припадност и заедничка судбина не може вештачки да се создаде. Тоа чувство произлегува од заедничката културна свест и затоа Европа треба да се фокусира не само на економијата, туку и на образованието, граѓанството и културата.

Европската Унија не одредува каква треба да биде организацијата на училиштата или на образовниот систем, ниту пак каква треба да биде наставната програма: за овие работи се одлучува на национално или на локално ниво. Но, Европската Унија спроведува програми за поддршка на студентската размена, преку која им се овозможува на младите луѓе да се обучуваат или да студираат надвор од нивната матична земја, да учат нови јазици и да учествуваат во заеднички активности со училишта или колеџи во други земји.

Образовните програми на ЕУ се: Комениус (основно образование), Еразмус (високо образование), Леонардо да Винчи (стручна обука), Грундтвиг (образование за возрасни) и Жан Моне (универзитетски предавања и истражувања во областа на европската интеграција).

Европските земји работат заедно – преку „Болоњскиот процес" – во правец на создавање европска зона на високо образование. Тоа значи, на пример, дека предметите на универзитетите во сите засегнати земји ќе доведат до споредливи и меѓусебно признаени потврди за завршено образование (диплома, магистерска и докторат).

Во областа на културата, програмите на ЕУ „Култура" и „Медиа" имаат за цел да ја развиваат соработката меѓу продуцентите на телевизиски програми и филмови, промотерите, радиодифузерите и органите што се занимаваат со култура во одделните земји. На тој начин, се поттикнува поголема продукција на телевизиски програми и филмови со европска тематика, со што се изедначува нерамнотежата меѓу европската и американската продукција.

Една од основните карактеристики на Европа е разноликоста на нејзините јазици, а заштитата на таа разноликост е мошне значајна цел за ЕУ. Повеќејазичноста е една од основите на функционирањето на Европската Унија. Законите на ЕУ се достапни на сите 23 официјални јазици, а секој член на Европскиот парламент има право да го користи својот мајчин јазик во парламентарните дебати.

## V. НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ПРАВОТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ ПЕТИЦИЈА ДО ПАРЛАМЕНТОТ

Со цел да им ја доближи ЕУ на граѓаните, Договорот за Европската Унија ја создаде функцијата Народен Правобранител. Европскиот парламент е одговорен за назначувањето на Народниот Правобранител, чиј мандат трае исто колку и мандатот на Европскиот парламент. Улогата на Омбудсманот е да врши истрага за тужбите поднесени против институциите и телата на ЕУ. Тужбите можат да бидат поднесени од страна на секој граѓанин на ЕУ и од страна на лица кои живеат или организации кои имаат седиште во некоја од земјите-членки на ЕУ. Омбудсманот се обидува да изнајде мирољубив начин за решавање на спорот меѓу тужителот и засегнатата институција или орган.

Сите лица што живеат на територијата на ЕУ, исто така, можат да достават петиција до Европскиот парламент. Тоа право претставува уште една значајна поврзаност меѓу институциите на ЕУ и јавноста.

## VI. ЧУВСТВО НА ПРИПАДНОСТ

Идејата за создавање „граѓанска Европа" е многу нова. Веќе постојат неколку симболи кои го претставуваат заедничкиот европски идентитет, како европскиот пасош, кој се користи од 1985 година. Во 1996 година, во сите земји-членки на ЕУ се воведоа европски возачки дозволи. Европската Унија има свое мото „Обединети во различноста", а 9-ти мај се слави како „Денот на Европа".

Европската химна („Одата на радоста" на Бетовен) и европското знаме (круг од 12 златни ѕвезди на сина позадина) беа јасно споменати во нацрт Уставот за Европската Унија од 2004 година, но не беа вклучени во новиот Лисабонски договор. Но, сепак химната и знамето се симболите на ЕУ и доколку сакаат земјите-членки, локалните власти и граѓаните можат да ги користат истите.



Но, луѓето не можат да чувствуваат „припадност" кон Европската Унија доколку не знаат што прави ЕУ и зошто таа постои. Институциите на ЕУ и земјите-членки треба и понатаму напорно да работат за да им ги објаснат на граѓаните прашањата поврзани со ЕУ на јасен и едноставен јазик.

Луѓето сакаат да видат и како Европската Унија го подобрува нивниот секојдневен живот. Воведувањето на евро банкнотите и монетите во 2002 година имаше огромно влијание врз животот на граѓаните. Повеќе од две третини од граѓаните на ЕУ сега го водат својот личен буџет во евра и штедат во евра. Фактот дека цените на производите и на услугите се изразени во евра им овозможува на потрошувачите лесно да ги споредат цените во одделните земји на ЕУ.

Граничните контроли меѓу повеќето земји на ЕУ беа укинати согласно Шенгенскиот договор, што создаде кај луѓето чувство на припадност на една обединета географска област.

Но, чувството на припадност се создава, пред сé, преку директната вклученост во донесувањето на одлуките во врска со ЕУ. Секој граѓанин на ЕУ има право да гласа на изборите за Европскиот парламент, што претставува значајна основа за демократскиот легитимитет на ЕУ. Легитимитетот се зголемува со тоа што на Европскиот парламент му се дава сé поголема моќ, националните парламенти имаат поголемо учество во претприемништвото на ниво на ЕУ, а европските граѓани се сé поактивни во работата на невладините организации, во политичките движења и во формирањето на европски политички партии. Доколку сакате да помогнете во дефинирањето на европската агенда и да имате влијание врз политиките на ЕУ, постојат многу начини да го сторите тоа. На пример, постојат он-лајн дебатни форуми посветени на прашања за Европската Унија на кои можете да им се приклучите, а можете и да ги изложите своите ставови на блоговите на комесарите или на членовите на Европскиот парламент. Исто така, можете директно да ги контактирате Комисијата или Парламентот, преку интернет или преку нивните канцеларии во вашата земја (за деталите погледнете на задната внатрешна страница на брошурата).

Европската Унија беше создадена за да им служи на луѓето во Европа и нејзината иднина мора да се гради преку активно учество на луѓето од сите општествени слоеви. Тактковците на ЕУ беа свесни за тоа. Во 1952 година, Жан Моне рече „Ние не здружуваме држави, ние ги обединуваме луѓето". Подигањето на јавната свест за ЕУ и вклучувањето на граѓаните во нејзините активности се сé уште еден од најголемите предизвици со кој денес се соочуваат институциите на ЕУ.

# [ 10 ]

# Европа изградена врз принципите на слобода, безбедност и правда

- **Отворањето на внатрешните граници меѓу земјите-членки на ЕУ е конкретна придобивка за обичните луѓе бидејќи тоа им овозможува слободно да патуваат без да мора да минуваат низ пасошки контроли.**
- **Меѓутоа, слободното движење во рамките на ЕУ, мора да оди напоредно со зајакнувањето на надворешните граници на ЕУ, со цел да се постигне успех во борбата против организираниот криминал, тероризмот, нелегалната имиграција и трговијата со луѓе и дрога.**
- **Земјите на ЕУ соработуваат во областа на полициското работење и правдата со цел Европа да биде посигурна и побезбедна.**



Европските граѓани имаат право да живеат слободно, без страв од прогон или насилство, насекаде во Европската Унија. Но, тие сé уште ги издвојуваат меѓународниот криминал и тероризам како проблеми кои во денешно време предизвикуваат најголема загриженост.

Слободата на движење мора да значи обезбедување еднаква заштита и еднаков пристап до правдата за сите граѓани, насекаде во Европската Унија. Токму затоа, преку усвојувањето на неколку последователни амандмани на Договорите, Европската Унија постепено прераснува во единствена „област на слобода, безбедност и правда".

Со текот на времето, активностите на ЕУ во овие области се прошириja. Европскиот совет усвои три последователни рамковни програми: програмата Тампере (1999 – 2004 година), програмата Хаг (2005 – 2009 година) и програмата Стокхолм (2010 – 2014 година). Фокусот на програмите Тампере и Хаг беше создавање поголема безбедност, додека целта на програмата Стокхолм е заштитата на правата на граѓаните.

Донесувањето одлуки во овие области стана поефикасно благодарение на Лисабонскиот договор, кој стапи на сила во декември 2009 година. Претходно, земјите-членки ја имаа целосната одговорност за создавањето и управувањето со областа на слободата, безбедноста и правдата. Работата ја вршеше пред сé Советот (по пат на дискусии и договори меѓу министрите на одделните влади), оставајќи им на Комисијата и на Парламентот само мала улога во донесувањето на одлуките. Лисабонскиот договор тоа го измени: Советот сега ги донесува своите одлуки преку квалификувано мнозинство, а Парламентот е рамноправен партнер во процесот на донесување одлуки.

# I. СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ЕУ И ЗАШТИТАТА НА НАДВОРЕШНИТЕ ГРАНИЦИ

Слободното движење на луѓето во рамките на ЕУ отвори безбедносни прашања за земјите-членки бидејќи тие повеќе не ги контролираат внатрешните граници на ЕУ. Како компензација за внатрешното слободно движење, мораше да се воведат дополнителни безбедносни мерки за заштита на надворешните граници на ЕУ. Со оглед на тоа дека и криминалците можат да ја користат слободата на движење во рамките на ЕУ, националните полициски сили и судските власти мораа да започнат да соработуваат во борбата против прекуграничниот криминал.

Еден од најважните чекори со кој им се олесни животот на оние што патуваат во рамките на ЕУ беше направен во 1985 година, кога владите на Белгија, Франција, Федерална Република Германија, Луксембург и Холандија потпишаа договор во малото погранично гратче во Луксембург – Шенген. Тие се согласија да ги укинат контролите на луѓето на нивните заеднички граници, без оглед на нивната националност, да ја усогласат контролата на нивните граници со земји кои не се членки на ЕУ и да дефинираат заедничка политика за визи. На тој начин, тие создадоа зона без внатрешни граници која беше наречена Шенген зона.

Оттогаш, Шенгенските правила станаа составен дел на Договорите за ЕУ, а Шенген зоната постепено се проширувaше. Во 2010 година, Шенгенските правила целосно се спроведуваат во сите земји-членки на ЕУ, освен Бугарија, Кипар, Ирска, Романија и Обединетото Кралство. Три земји кои не се членки на ЕУ – Исланд, Норвешка и Швајцарија – исто така, се дел од Шенген зоната.

Зајакнувањето на контролите на надворешните граници на ЕУ стана приоритет за ЕУ, по нејзиното проширување во 2004 и 2007 година. Агенцијата на ЕУ, Фронтекс, со седиште во Варшава, е одговорна за координирање на соработката на ниво на ЕУ во однос на безбедноста на надворешните граници. Земјите-членки можат да ги позајмат своите бродови, хеликоптери и авиони за вршење заеднички контроли – на пример, во чувствителните зони на Медитеранот. Европската Унија, исто така, размислува и за формирање на Европска погранична служба.




Бидејќи населението на ЕУ старее, легалните и квалификувани имигранти помагаат во отстранувањето на недостатокот од работна сила на пазарот на труд.

# II. АЗИЛ И ИМИГРАЦИОНА ПОЛИТИКА

Европа е горда на својата хумана традиција да ги прифаќа странците и да им дава азил на бегалците кои се обидуваат да побегнат од опасност и прогон. Но, денес владите на ЕУ се соочуваат со горечкото прашање за тоа како да се справат со растечкиот број на имигранти, легални и нелегални, во рамките на Шенген зоната која нема внатрешни граници.

Владите на ЕУ се договорија да ги усогласат своите правила за да можат до 2012 година да одлучуваат за барањата за азил согласно неколку основни правила кои би биле прифатени насекаде во Европската Унија. Тогаш, беа усвоени неколку технички мерки, како што се минимални стандарди за прифаќање азиланти и за доделување на статус бегалец.

Во последните години, на бреговите на Европа пристигнуваат голем број на нелегални имигранти, а справувањето со овој проблем прерасна во еден од најголемите приоритети на ЕУ. Владите на земјите-членки соработуваат во борбата против шверцот со луѓе и договараат заеднички процедури за враќање на нелегалните имигранти во нивните земји. Истовремено, подобро се координира легалната имиграција во рамките на заедничките правила на ЕУ за обединување на семејствата, за статусот на долгорочно жителство и за прифаќањето луѓе кои не се државјани на ЕУ, а кои сакаат да дојдат во Европа за да студираат или за да вршат истражувања.




Соработката меѓу европските царински власти помага во намалувањето на недозволената трговија и криминал.

## III. БОРБА ПРОТИВ МЕЃУНАРОДНИОТ КРИМИНАЛ

Активностите за борба против криминалните банди кои управуваат со мрежите за трговија со луѓе и ги злоупотребуваат ранливите човечки суштества, особено жените и децата, мораат да бидат координирани.

Организираниот криминал станува сé пософистициран и редовно ги користи европските и меѓународните мрежи за своите активности. А пак, тероризмот јасно покажа дека може да удри со голема бруталност насекаде во светот.

Затоа беше формиран Шенгенскиот информациски ситем (ШИС). ШИС е сложена база на податоци која им овозможува на полицијата и на судските власти да разменуваат информации за лица за кои е издадена потерница или е побарана екстрадиција, како и за украден имот, како на пример возила или уметнички дела. Новата база на податоци, позната како ШИС II, ќе има поголем капацитет и ќе овозможува чување на нови видови податоци.

Еден од најдобрите начини за апсење на криминалците е да се следат трагите на нивната нелегално стекната заработувачка. Заради овие причини и за да се пресече финансирањето на криминалните и терористичките организации, ЕУ изготви закони за спречување на перењето пари.

Најголемиот напредок постигнат во изминатите неколку години во областа на соработката меѓу извршните власти беше создавањето на Европол, тело на Европската Унија со седиште во Хаг, составено од полициски и царински службеници. Европол се бори против разните видови меѓународен криминал: трговија со дрога, трговија со украдени возила, трговија со луѓе и мрежи за меѓународна имиграција, сексуална злоупотреба на жени и деца, порнографија, фалсификување, трговија со радиоактивни и нуклеарни материјали, тероризам, перење на пари и фалсификување евра.



## IV. КОН СОЗДАВАЊЕ „ЕВРОПСКА ПРАВНА ЗОНА"

Во моментов, во Европската Унија постојат повеќе различни судски системи кои функционираат во рамките на своите национални граници. Но, меѓународниот криминал и тероризам не ги почитува тие граници. На Европската Унија ѝ е неопходна заедничка рамка за борба против тероризмот, трговијата со дрога и фалсификувањето, за да може да им гарантира на своите граѓани високо ниво на заштита и за да ја подобри меѓународната соработка во оваа област. На ЕУ, исто така, ѝ е потребна заедничка политика за кривично право, која нема да дозволи различните дефиниции во одделните кривични закони да ја попречуваат соработката меѓу судовите во одделните земји.

Главен пример за постоењето практична соработка на ова поле е формирањето на Европравда, централна координативна структура, во Хаг во 2003 година. Нејзината цел е да им овозможи на националните истражни власти и властите на прогон да работат заедно во криминалните истраги, во кои се вклучени неколку земји на ЕУ. Врз основа на Европравда, може да се формира и Канцеларија на европски јавен обвинител – доколку за тоа одлучи Советот (или група од најмалку девет земји-членки). Улогата на обвинителот би била да истражува и да покренува постапки за прекршоци сторени против финансиските интереси на ЕУ.

Европската потерница, која постои од јануари 2004 година, е уште еден инструмент за практична прекугранична соработка. Европската потерница беше создадена со цел да се заменат долгите процедури за екстрадиција.

Во областа на граѓанското право, ЕУ донесе закони со кои се олеснува спроведувањето на судските пресуди во прекуграничните случаи кои се однесуваат на разводи, разделби, старателства и барања за алиментација. Целта на овие закони е да се овозможи примена на судските одлуки, донесени во една земја, на територијата на друга земја-членка на ЕУ. Европската Унија утврди заеднички процедури за олеснување и забрзување на решавањето на прекуграничните случаи за малите и неоспорувани граѓански барања, како враќањето долгови и банкротирањето.

# ЕУ на светската сцена

# [ 11 ]

- **Европската Унија има повеќе влијание на светската сцена тогаш кога во областа на надворешните прашања (како трговските преговори) говори со еден глас. За да помогне оваа цел да се исполни и за да го зајакне меѓународниот профил на ЕУ, Европскиот совет, во 2009 година, доби постојан Претседател и го назначи првиот Висок претставник за надворешни прашања и безбедносна политика.**
- **Во областа на одбраната, секоја земја ја задржува својата сувереност, без оглед на тоа дали е членка на НАТО или е неутрална. Сепак, земјите-членки на ЕУ имаат воена соработка во рамките на мировните мисии.**
- **ЕУ игра важна улога во меѓународната трговија. Во рамките на Светската трговска организација (СТО), таа се залага за постоењето на отворени пазари и трговски систем заснован врз дефинирани правила.**
- **Од историски и географски причини, ЕУ ѝ посветува посебно внимание на Африка (по пат на политики за давање помош за развој, трговски предности, помош во храна и поддршка за почитувањето на човековите права).**



Во економска, трговска и монетарна смисла, Европската Унија стана водечка светска сила. Некои велат дека таа израснала во економски гигант, но останала политичко џуџе. Оваа оценка е претерана. Европската Унија има значително влијание во меѓународните организации како Светската трговска организација (СТО) и специјализираните тела на Обединетите нации (ОН), како и на светските самити за заштита на животната средина и развојот на неразвиените земји.

Сепак, пред Европската Унија и нејзините земји-членки стои долг пат, во дипломатска и политичка смисла, до моментот кога ќе можат да зборуваат со еден глас за најзначајните светски прашања. Темелот на националниот суверенитет - воената одбрана - останува во рацете на националните влади. Соработката во воената одбрана постои единствено во рамките на сојузите како што е НАТО.

## I. ЗАЕДНИЧКАТА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

**(а) Формирањето на европската дипломатска служба**

Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) ги содржат главните задачи на надворешната политика. Овие политики беа опфатени со Договорите од Мастрихт (1992 година), Амстердам (1997 година) и Ница (2001 година). ЗНБП и ЕБОП го формираа „вториот столб" на ЕУ – политики за кои се одлучува по пат на меѓувладини договори и во кои Комисијата и Парламентот имаат само минорна улога. Одлуките во рамките на овие политики се донесуваат со консензус, иако некои земји-членки имаат право да бидат воздржани во процесот на донесување одлуки. Иако, Лисабонскиот договор ги укина „столбовите" во структурата на ЕУ, тој не го промени начинот на кои се донесуваат одлуки поврзани со безбедносните и одбранбените прашања. Лисабонскиот договор го промени името на ЕБОП во ЗБОП – заедничка безбедносна и одбранбена политика. Тој, исто така, го подигна профилот на ЗНБП со создавањето на функцијата Висок претставник за надворешни прашања и безбедносна политика.

Од 1-ви декември 2009 година, оваа функција ја врши Кетрин Ештон од Обединетото Кралство, која, истовремено, е Потпретседател на Европската комисија. Нејзина задача е да го претставува заедничкиот став на ЕУ и да делува во име на ЕУ во рамките на меѓународните организации и на меѓународните конференции. Нејзе ѝ помагаат илјадници службеници на ЕУ и на одделните држави во рамките на Европската служба за надворешни работи – или со други зборови дипломатската служба на ЕУ.

Целта на надворешната политика на ЕУ е пред сé да осигури безбедност, стабилност, демократија и почитување на човековите права – не само во нејзиното најблиско соседство (на пример, Балканот), туку и во други кризни подрачја во светот, како Африка, Блискиот Исток и Кавказот. Нејзиниот главен инструмент е „софистицираната моќ", која ги опфаќа мисиите за набљудување на избори, хуманитарната помош и помошта за развој на неразвиените земји. Во 2009 година, ЕУ донираше хуманитарна помош во износ од 900 милиони евра на 30 земји, пред сé во Африка. ЕУ обезбедува 60% од светската помош за развој, преку која им помага на земјите на кои најмногу им е потребна помош во спротиставувањето со сиромаштијата, обезбедувањето храна за своите жители, избегнувањето природни непогоди, обезбедувањето на вода за пиење и борбата против болестите. Во исто време, ЕУ ги поттикнува овие исти земји да го почитуваат владеењето на правото и да ги отворат своите пазари за меѓународната трговија. Европската комисија и Европскиот парламент се грижат за одговорно доделување на помошта и нејзино правилно управување и користење.

Дали Европската Унија е способна и дали сака да оди подалеку од дипломатијата заснована на „софистицираната моќ"? Тоа е најголемиот предизвик за годините кои следат. Премногу често, заедничките изјави и ставови на Европскиот совет за позначајните меѓународни прашања (мировниот процес за Блискиот Исток, Ирак, тероризмот, односите со Русија, Иран, Куба, итн.) се едноставно одраз на најнискиот заеднички именител. Во меѓувреме, големите земји-членки продолжуваат да ја играат својата сопствена дипломатска улога. А, на Европската Унија се гледа како на глобален актер само тогаш кога зборува со еден глас. За да зајакне нејзиниот кредибилитет и влијание, Европската Унија мора да ја искомбинира својата економска величина и трговска моќ со константно спроведување на нејзината заедничка безбедносна и одбранбена политика.

**(б) Конкретните резултати на заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)**

Од 2003 година, Европската Унија има капацитет да извршува операции за управување со кризни ситуации бидејќи земјите-членки доброволно ѝ ги ставаат на располагање своите сили на ЕУ за таа да може да ги извршува тие операции.

Одговорноста за спроведување вакви операции е поделена меѓу неколку воено-политички тела: Политичката и безбедносна комисија, Воената комисија на ЕУ, Комисијата за граѓански прашања при управување со кризи и Воениот персонал на ЕУ. Овие тела одговараат пред Советот, а нивното седиште е во Брисел.

Овие инструменти се срцето на заедничката безбедносна и одбранбена политика. Тие ѝ даваат можност на ЕУ да ги исполни задачите кои си ги поставила – хуманитарни и мировни мисии или мисии за одржување на мирот. Овие мисии мораат да одбегнат дуплирање со она што го прави НАТО, а тоа се гарантира со аранжманите „Берлин плус" кои беа договорени меѓу НАТО и ЕУ. Преку тие аранжмани, Европската Унија има пристап до логистичките ресурси на НАТО (за откривање, комуникации, команда и транспорт).



© Tim Freccia/AP

ЕУ води цивилни или воени мировни операции каква што е операцијата против пиратството на брегот на Сомалија.

Од 2003 година до денес, Европската Унија имала 22 воени операции и граѓански мисии. Првата меѓу нив беше мисијата во Босна и Херцеговина, кога силите на ЕУ ги заменија силите на НАТО. Овие мисии и операции, под знамето на ЕУ, работеле или сé уште работат на три континенти. Тука е ЕУФОР мисијата во Чад и во Централната Африканска Република, операцијата „Аталанта" на Еунавфор чија цел е борба против сомалиските пирати во Аденскиот канал, мисијата ЕУЛЕКС чија цел е да му помогне на Косово да воспостави владеење на правото и мисијата ЕУПОЛ во Авганистан која има за цел да ја потпомогне обуката на авганистанската полиција.

Со модернизирањето на воената технологија и нејзиното поскапување, владите на ЕУ дојдоа до заклучок дека треба да ја продлабочат нивната соработка во производството на оружје – особено во време кога се обидуваат да ги намалат јавните трошоци и да ја ублажат финансиската криза. А, доколку сакаат нивните вооружени сили да спроведуваат заеднички мисии надвор од Европа, нивните системи мораат да бидат компатибилни, а нивната опрема мора да биде стандардизирана. Затоа, Европскиот совет во Солун во јуни 2003 година, одлучи да ја формира Европската агенција за одбрана, чија задача е да го помогне развојот на воените способности на ЕУ. Агенцијата беше официјално отворена во 2004 година.

## II. ТРГОВСКА ПОЛИТИКА КОЈА Е ОТВОРЕНА КОН СВЕТОТ

Значајната улога на Европската Унија во светската трговија ѝ овозможува големо меѓународно влијание. Европската Унија го поддржува системот на правила на Светската трговска организација (СТО), која ја сочинуваат 153 земји-членки. Тој овозможува одреден степен на правна сигурност и транспарентност во водењето на меѓународната трговија. СТО ги утврдува условите под кои нејзините членки ќе можат да се одбранат од неправедни трговски дејности, како дампингот (утврдување цени пониски од цената на трошокот за производство) кој извозниците го користат во борбата против нивните конкуренти. СТО, исто така, утврдува процедура за разрешување на спорови кои се јавуваат меѓу два или повеќе трговски партнери.

Од 2001 година, преку „Доха рундата" на трговски преговори, ЕУ се обидува да ја отвори светската трговија. Овие преговори се тешки, но ЕУ и понатаму смета дека, со појавата на финансиската и економска криза, намалувањето на светската трговија ќе ја претвори рецесијата во сеопфатна депресија.

Трговската политика на ЕУ е тесно поврзана со нејзината развојна политика. Во рамките на нејзиниот „општ систем на преференцијали" (ОСП), ЕУ им додели на земјите во развој и на економиите во транзиција преференцијален пристап при увозот на поголем дел од производите на нејзиниот пазар (по пат на укинување на царинските давачки или намалување на царинските стапки). ЕУ прави дополнителни отстапки за 49те најсиромашни земји во светот. Сите увезени производи од овие земји, со исклучок на оружјето, се ослободени од царински давачки кога пристигаат на пазарот на ЕУ.

ЕУ нема специфични трговски договори со нејзините најголеми трговски партнери од редот на развиените земји, како Соединетите Американски Држави и Јапонија. Овие трговски односи се регулираат преку механизмите на СТО. Соединетите Американски Држави и Европската Унија се обидуваат своите трговски односи да ги развиваат врз принципите на еднаквост и партнерство. По изборот на Барак Обама за Претседател на САД, лидерите на ЕУ повикуваат на поблиски трансатлантски врски. На средбата на Г-20 во Лондон во април 2009 година, ЕУ и САД заклучија дека постои потреба за подобро уредување на глобалниот финансиски систем.




ЕУ го поддржува отворањето на пазарите и развојот на трговијата како дел од мултилатералната рамка на Светската трговска организација.

Европската Унија ја зголемува трговијата со новите моќни држави од другите делови на светот, од Кина и Индија до Централна и Јужна Америка. Трговските договори со овие земји вклучуваат и техничка и културна соработка. Кина стана втор по ред најголем трговски партнер на ЕУ (по Соединетите Американски Држави) и нејзиниот најголем извор на увезени производи. (Во 2009 година, повеќе од 17% од увозот во ЕУ бил од Кина). Европската Унија е најголемиот трговски партнер на Русија и нејзиниот најголем извор на странски инвестиции. Покрај трговијата, главните прашања во односот меѓу ЕУ и Русија се прекуграничните прашања, како стабилно снабдување со енергија, особено со гас.

## III. АФРИКА

Односите меѓу Европа и потсахарска Африка постојат од многу одамна. Со Римскиот договор од 1957 година, поранешните колонии и прекуокеанските територии на земјите-членки на ЕУ станаа асоцијативни членки на Заедницата. Деколонизацијата, која започна во раните 60-ти години, ја претвори оваа врска во поинаков вид на асоцијација – асоцијација меѓу суверени земји.

Договорот од Котону, потпишан во 2000 година во Котону, главниот град на Бенин, ја означи новата фаза во политиката на ЕУ за развој на неразвиените земји. Договорот меѓу Европската Унија и африканските, карипските и пацифичките земји (АКП) е најамбициозниот и најсеопфатниот Договор за трговија и помош што досега бил склучен меѓу развиени земји и земји во развој. Овој Договор произлезе од Конвенцијата од Ломе, која беше потпишана во 1975 година во Ломе, главниот град на Того, а која подоцна беше надополнувана на еднакви временски интервали.

Овој Договор оди подалеку од претходните договори, бидејќи тој ги заменува трговските односи засновани на едноставен пристап до пазарот на ЕУ со трговски односи во многу поширока смисла. Тој, исто така, воведува нови постапки за справување со кршењето на човековите права.

Европската Унија им додели посебни трговски концесии на најнеразвиените земји, меѓу кои 39 се потписнички на Договорот од Котону. Од 2005 година, тие имаат можност да ги извезуваат во ЕУ сите видови на производи, а при тоа да не платат никакви царински давачки. Во 2009 година, ЕУ се согласи да им додели на 77-те земји од АКП помош во износ од 2.7 милијарди евра во областа на здравството, водоснабдувањето, борбата против климатските промени и одржувањето на мирот.

# [ 12 ]

# Каква иднина ѝ претстои на Европа?

- „Европа нема да биде создадена одеднаш или според еден единствен план. Таа ќе биде изградена преку конкретни постигнувања кои пред сѐ ќе изградат вистинска солидарност".
- Оваа изјава од 1950 година е сѐ уште точна. Но, кои се предизвиците за Европа во годините што следуваат?



„Европа нема да биде создадена одеднаш или според еден единствен план. Таа ќе биде изградена преку конкретни постигнувања кои пред сѐ ќе изградат вистинска солидарност". Тоа го рече Роберт Шуман во неговата позната Декларација со која на 9-ти мај 1950 година започна проектот за европска интеграција. Шеесет години подоцна, неговите зборови се повистинити од кога било пред тоа. Солидарноста меѓу луѓето и нациите во Европа мора постојано да се прилагодува со цел да може да одговори на новите предизвици што ги создава светот кој е во постојано менување. Создавањето на единствениот пазар во раните 90ти беше големо постигнување, но тоа не беше доволно. Еврото, кое се појави во 1999 година, беше измислено со цел пазарот да работи поефикасно. Европската централна банка беше основана со цел да управува со еврото и да обезбеди стабилност на цените, но финансиската криза од 2008-09 година и долговната криза од 2010 година, покажаа дека еврото е чувствително на нападите од глобалните шпекуланти. Она што е потребно, дополнително на Европската централна банка, е координација на националните економски политики, поблиска координација од онаа која во моментов ја обезбедува Еврогрупата. Дали ЕУ наскоро ќе започне да прави планови за вистински заедничко економско управување?

Жан Моне, големиот архитект на европската интеграција, ги заврши своите мемоари во 1976 година со следните зборови: „Суверените нации од минатото не можат повеќе да ги решаваат проблемите на денешницата: тие не можат ниту да го обезбедат својот напредок ниту да ја контролираат својата сопствена иднина. А, Заедницата е само еден од чекорите на патот кон утрешниот организиран свет". Во услови на денешната глобална економија, дали можеме да сметаме дека Европската Унија повеќе не е политички релевантна? Или можеби подобро би било да се запрашаме како да се ослободи целосниот потенцијал на половина милијарда Европејци кои имаат исти вредности и интереси?

Европската Унија наскоро ќе има повеќе од 30 земји-членки, со многу различни истории, јазици и култури. Дали може ова разнолико семејство на нации да создаде заедничка политичка „јавна сфера"? Дали можат нејзините граѓани да развијат заедничко чувство за „да се биде Европеец", а истовремено да останат длабоко поврзани со нивната земја, нивниот регион и нивната локална заедница? Можеби можат, доколку денешните земји-членки го следат примерот на првата Европска заедница (ЕЗЈЧ) која беше изградена врз урнатините на Втората светска војна. Нејзиниот морален легитимитет беше заснован врз помирување и консолидирање на мирот меѓу поранешните непријатели. Таа се водеше од принципот дека сите земји-членки, мали или големи, имаат исти права и ги почитуваат малцинствата.

Дали ќе може да се оди понатаму со европската интеграција, велејќи дека земјите-членки на ЕУ и нејзините граѓани ја сакаат истата работа? Или дали лидерите на ЕУ почесто ќе ја користат „засилената соработка", при што ad hoc групи составени од одредени земји-членки ќе одат напред, во еден или друг правец, без преостанатите земји-членки? Зголемувањето на бројот на ваквите договори може да доведе до Европа à la carte или Европа со „менлива геометрија", при што секоја земја-членка ќе биде слободна да одлучи дали ќе следи одредена политика или дали ќе биде дел од некоја институција. Ова решение може да изгледа мошне едноставно, но тоа би било почеток на крајот на ЕУ, која во својата суштина работи по пат на предвидување на заедничките интереси на нејзините земји-членки, на краток и на долг рок. Таа се заснова врз принципот на солидарност – што значи делење на трошоците, но и на придобивките. Тоа значи дека постојат заеднички правила и заеднички политики. Исклучоците, дерогациите и можноста за повлекување треба да се случуваат во исклучителни ситуации и да бидат со кратко времетраење. Транзициските договори и преодните периоди можеби некогаш се неопходни, но доколку сите земји-членки не се придржуваат до истите правила и доколку не работат за истите цели, солидарноста ќе биде уништена, а предноста да се биде дел од силна и обединета Европа ќе биде изгубена.

Глобализацијата ја обврзува Европа не само да се бори со нејзините традиционални конкуренти (Јапонија и САД), туку и со растечките економски сили како Бразил, Кина и Индија. Дали таа ќе може да продолжи да го ограничува пристапот до нејзиниот единствен пазар со цел да ги заштити нејзините социјални стандарди и стандардите за заштита на животната средина? Дури и да го стори тоа, нема да може да побегне од суровата реалност на меѓународната конкуренција. Единственото решение за Европа е да стане реален глобален актер, кој ќе настапува обединето на светската сцена и јасно ќе ги изразува своите интереси говорејќи со еден глас. Напредокот во тој правец може да се постигне само доколку се цели кон создавање политичка унија. Претседателот на Европскиот совет, Претседателот на Комисијата и Високиот претставник за надворешни прашања и безбедносна политика мораат заедно да ѝ дадат на ЕУ силно и конзистентно лидерство.


© Beau Lark/Corbis

Европејците мораат да работат заедно денес за нивното подобро утре.

Во исто време, ЕУ треба да стане подемократска. Европскиот парламент – кој добива сѐ поголеми права со секој нов договор – се избира директно со универзално гласање на секои пет години. Но, процентот на населението што гласа на овие избори се разликува во одделните земји, а бројот на граѓани што излегува на избори е често мал. Предизвик за институциите на ЕУ и за националните влади е да изнајдат подобар начин за информирање и комуницирање со јавноста (преку образованието, мрежите на невладини организации, итн.) и на тој начин да го поттикнат создавањето на заедничка европска јавна сфера во чии рамки граѓаните на ЕУ ќе можат да ја обликуваат политичката агенда.

На крајот, Европа треба да ја истакне целата нејзина тежина во однос на меѓународните прашања. Една од најсилните карактеристики на ЕУ е нејзината способност да ги шири европските вредности надвор од нејзините граници. Тоа се вредности кои се однесуваат на почитувањето на човековите права, спроведувањето на владеењето на правото, заштитата на животната средина и одржувањето на социјалните стандарди во рамките на социјалната пазарна економија. Во својата несовршеност, ЕУ не може да биде светол пример за остатокот од човештвото. Но, сѐ додека Европа е успешна, другите региони во неа ќе гледаат пример. Што ќе претставува успех за ЕУ во годините што следат? Да се обнови рамнотежата на нејзините јавни финансии. Да се справи со стареењето на нејзината популација на начин кој нема да дозволи да се казнат следните генерации. Да изнајде етички одговори на големите предизвици на научниот и технолошкиот напредок – особено во биотехнологијата. Да ја гарантира безбедноста на нејзините граѓани, без да им наштети на нивната слобода. Доколку успее да ги исполни сите тие работи, Европа и понатаму ќе биде почитувана и ќе продолжи да биде извор на инспирација за остатокот од светот.

# Клучни датуми во историјата на европската интеграција



1950 *9 мај* – Роберт Шуман, француски министер за надворешни работи, држи значаен говор во кој изнесува предлози засновани врз идеите на Жан Моне. Тој предлага Франција и Федерална Република Германија да ги здружат своите резерви на јаглен и челик во рамките на една нова организација, на која ќе можат да ѝ се приклучат и други европски земји.

1951 *18 април* – Во Париз, шест земји – Белгија, Федерална Република Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија – го потпишуваат Договорот со кој се формира Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈК). Тој стапува на сила на 23-ти јули 1952 година, за период од 50 години.

1955 *1-2 јуни* – На состанок во Месина, министрите за надворешни работи на шесте земји одлучуваат да ја прошират европската интеграција, вклучувајќи ја севкупната економија.

1957 *25 март* – Во Рим, шесте земји ги потпишуваат Договорите за формирање на Европската економска заедница (ЕЕЗ) и Европската заедница за атомска енергија (Евроатом). Тие стапуваат на сила на 1-ви јануари 1958 година.

1960 *4 јануари* – На иницијатива на Обединетото Кралство, на Конвенцијата во Стокхолм, формирана е Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА) составена од повеќе европски земји, кои не се дел на ЕЕЗ.

1963 *20 јули* – Во Жоунде, се потпишува договор за асоцијација меѓу ЕЕЗ и 18 африкански земји.

1965 *8 април* – Се потпишува Договор со кој се интегрираат извршните тела на трите заедници (ЕЗЈЧ, ЕЕЗ и Евроатом) и се создава еден Совет и една Комисија. Договорот стапува на сила на 1-ви јули 1967 година.

1966 *29 јануари* – „Луксембуршки компромис": по политичката криза, Франција се согласува повторно да учествува на средбите на Советот само доколку се задржи правилото за донесување одлуки со едногласност за теми кои се однесуваат на „виталните национални интереси".

1968 *1 јули* – Целосно се укинуваат царинските давачки меѓу земјите-членки за увоз на индустриски производи, 18 месеци порано од предвиденото, и се воведува заедничка надворешна царинска тарифа.

1969 *1-2 декември* – На самитот во Хаг, политичките лидери на ЕЕЗ одлучуваат да одат чекор понатаму во процесот на европска интеграција.

1970 *22 април* – Во Луксембург, се потпишува Договор кој ѝ дозволува на Европската Заедница сé повеќе да се финансира од „сопствени извори", а истовремено на Европскиот парламент му се даваат поголеми надлежности за вршење контрола.

1973 **1 јануари** – Данска, Ирска и Обединетото Кралство ѝ се приклучуваат на Европската заедница, зголемувајќи го бројот на земјите-членки на девет. Норвешка останува надвор, по референдумот на кој поголем дел од Норвежаните се изјаснуваат против членство.

1974 **9-10 декември** – На самитот во Париз, политичките лидери на деветте земји-членки одлучуваат да се среќаваат три пати во годината во рамките на Европски совет. Исто така, тие даваат зелено светло за одржување директни избори за Европскиот парламент и се согласуваат да формираа Европски фонд за регионален развој.

1975 **28 февруари** – Во Ломе, се потпишува конвенција (Ломе I) меѓу ЕЕЗ и 46 африкански, карипски и пацифички земји (АКП).

**22 јули** – Се потпишува договор со кој на Европскиот парламент му се дава поголема надлежност врз буџетот и се формира Европскиот суд на ревизори. Договорот стапува на сила на 1-ви јуни 1977 година.

1979 **7-10 јуни** – Се одржуваат првите директни избори за 410 пратеници во Европскиот парламент.

1981 **1 јануари** – Грција ѝ се приклучува на Европската Заедница, со што бројот на земји-членки расте на 10.

1984 **14 и 17 јуни** – Се одржуваат вторите директни избори за Европскиот парламент.

1985 **7 јануари** – Жак Делор станува Претседател на Европската комисија (1985 – 1995).

**14 јуни** – Се потпишува Шенгенскиот договор со цел да се укинат граничните контроли меѓу земјите-членки на Европската заедница.

1986 **1 јануари** – Шпанија и Португалија ѝ се приклучуваат на Европската заедница, со што бројот на земји-членки расте на 12.

**17 и 28 февруари** – Во Луксембург и Хаг се потпишува Единствениот европски акт. Тој стапува на сила на 1-ви јули 1987 година.

1989 **15 и 18 јуни** – Се одржуваат третите директни избори за Европскиот парламент.

**9 ноември** – Паѓа Берлинскиот ѕид.

1990 **3 октомври** – Германија повторно се обединува.

1991 **9-10 декември** – Европскиот совет во Мастрихт го усвојува Договорот за Европската Унија, со кој се поставуваат темелите на заедничката надворешна и безбедносна политика, потесната соработка во областа на правдата и внатрешните работи и создавањето на економска и монетарна унија со единствена валута.

1992 **7 февруари** – Во Мастрихт се потпишува Договорот за Европската Унија. Тој стапува на сила на 1-ви ноември 1993 година.



1993 **1 јануари** – Се формира единствениот пазар.

1994 **9 и 12 јуни** – Се одржуваат четвртите директни избори за Европскиот парламент.

1995 **1 јануари** – Австрија, Финска и Шведска ѝ се приклучуваат на ЕУ, со што бројот на земји-членки расте на 15. Норвешка повторно останува надвор од ЕУ, по референдумот на кој поголем дел од Норвежаните се изјаснуваат против членство.

**23 јануари** – Новата Европска комисија започнува да работи на чело со Жак Сантер како нејзин Претседател (1995 – 1999).

**27-28 јануари** – Евро-медитеранската конференција во Барселона го означува почетокот на партнерството меѓу ЕУ и земјите од јужниот брег на Медитеранот.

1997 **2 октомври** – Се потпишува Договорот од Амстердам. Тој стапува на сила на 1-ви мај 1999 година.

1998 **30 март** – Започнува процесот за пристапување на новите земји кандидатки – Кипар, Малта и 10 земји од Централна и Источна Европа.

1999 **1 јануари** – Единаесет земји-членки го прифаќаат еврото, кое започнува да се употребува на финансиските пазари, заменувајќи ги нивните валути при неготовинските трансакции. Европската централна банка ја презема надлежноста за водење на монетарната политика. На 1-ви јануари 2001 година, Грција станува 12-та земја која го прифаќа еврото.

**10 и 13 јуни** – Се одржуваат петтите директни избори за Европскиот парламент.

**15 септември** – Новата Европска комисија започнува да работи на чело со Романо Проди како нејзин Претседател (1999 – 2004).

**15-16 октомври** – Европскиот совет во Тампере одлучува ЕУ да прерасне во област на слобода, безбедност и правда.

2000 **23-24 март** – Европскиот совет во Лисабон изготвува Стратегија за раст на вработувањето во ЕУ, модернизација на економијата и зајакнување на социјалната кохезија во Европа заснована врз знаење.

**7-8 декември** – Европскиот совет во Ница постигнува согласност за текстот на новиот Договор со кој се менува системот за донесување одлуки во ЕУ, подготвувајќи ја Унијата за идните проширувања. Претседателите на Европскиот парламент, Европскиот совет и Европската комисија свечено ја прогласуваат Повелбата на Европската Унија за основните права.

2001 **26 февруари** – Се потпишува Договорот од Ница. Тој стапува на сила на 1-ви февруари 2003 година.

**14-15 декември** – Европскиот совет во Лаикен договара декларација за иднината на ЕУ. Со неа се отвора пат за претстојната голема реформа на ЕУ и за формирање Конвенција (под претседателство на Валери Жискар Дестан) која ќе го изготви европскиот Устав.

2002 ***1 јануари*** – Во 12-те земји на евро-зоната започнуваат да се употребуваат банкнотите и монетите на еврото.

2003 ***10 јули*** – Конвенцијата за иднината на Европа ја завршува работата на нацртот за европскиот Устав.

2004 ***1 мај*** – Кипар, Република Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка и Словенија ѝ се приклучуваат на Европската Унија.

***10 и 13 јуни*** – Се одржуваат шестите директни избори за Европскиот парламент.

***29 октомври*** – Во Рим, 25 претседатели на држави или влади го потпишуваат европскиот Устав.

***22 ноември*** – Новата Европска комисија започнува да работи на чело со Жозе Мануел Баросо како нејзин Претседател.

2005 ***29 мај и 1 јуни*** – На референдумот во Франција, граѓаните гласаат против Уставот. Три дена подоцна и граѓаните на Холандија гласаат против.

***3 октомври*** – Започнуваат пристапните преговори со Турција и Хрватска.

2007 ***1 јануари*** – Бугарија и Романија ѝ се приклучуваат на Европската Унија. Словенија станува 13-та земја која го прифаќа еврото.

***13 декември*** – Се потпишува Лисабонскиот договор.

2008 ***1 јануари*** – Кипар и Малта стануваат 14-та и 15-та земја која го прифаќа еврото.

2009 ***1 јануари*** – Словачка станува 16-та земја која го прифаќа еврото.

***4-7 јуни*** – Се одржуваат седмите директни избори за Европскиот парламент.

***2 октомври*** – На референдум во Ирска, граѓаните гласаат позитивно за Лисабонскиот договор.

***1 декември*** – Лисабонскиот договор стапува на сила.
Херман Ван Ромпуј станува Претседател на Европскиот совет.
Кетрин Ештон станува Висок претставник за надворешни прашања и безбедносна политика.

2010 ***9 февруари*** – Европскиот парламент ја дава својата согласност за новата Европска комисија чиј претседател, по втор пат, станува Жозе Мануел Баросо.

***9 мај*** – Се формира Механизмот за финансиска стабилизација во износ од 750 милијарди евра.

2011 ***1 јануари*** – Естонија станува 17-та земја која го прифаќа еврото.



## БЕЛЕШКИ

# Европската Унија




Земји-членки на Европската Унија

Земји-кандидатки